# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“,

ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



УЧЕБНА 2022/23 ГОДИНА

## *Преамбула*

Основното образование се развива врз низа на начелата: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклузивност, обезбедување на квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот на учениците, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација, автономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите/старателите и единиците на локалната самоуправа.

На сите овие начела ќе се води училиштето преку планираните и реализираните активности од Годишната програма за работа на училиштето кое претставува најзначаен документ за работа на училиштето.

Врз основа на Законот за основно образование член 49 (Сл.весник на Р.Северна Македонија бр.161 од 05.08.2019 год.) и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште член 6 и 7 изготвен од МОН (објавен 07.07.2020) се изработи Годишната програма за учебната 2022/2023 година на ООУ „Свети Кирил и Методиј", Центар-Скопје.

Училишниот одбор, Советот на родители, директорот, стручната служба и наставниот кадар ќе ја следат и оценуваат имплементацијата на Годишната програма за учебната 2022/2023 година на ООУ „Свети Кирил и Методиј", Центар-Скопје и ќе ги собираат сите докази т.е податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со цел формирање заклучоци и давање на идни препораки.

Добиените резултати од евалуацијата ќе ни користат за формирање на заклучоци за реализацијата на истата и препораки за планирање на следниот циклус на Годишната програма за работа.

Изработената Годишната програма за учебната 2022/2023 година на ООУ „Свети Кирил и Методиј", Центар-Скопје, како важен документ комисијата ќе ја достави до Наставничкиот совет и Советот на родители за мислење и по добиеното позитивно мислење истата ќе ја достави до Училишниот одбор за усвојување на предлог на директорот на училиштето.

ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар-Скопје е најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно-образовна дејност на мајчин македонски јазик во текот на 186 години (од далечната 1836 година до денес).

**Прв период (1836-1945год.)**

Во 30-тите години на 19 век се отворило  првото словенско ќелијно училиште во Скопје и тоа во дворот на новоизградената црква „Света Богородица“ во 1836 год. каде за прв пат децата учеле само на својот мајчин јазик. По покана на градските првенци, за учител во училиштето дошол преродбенскиот учител и народен просветител Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Неговото доаѓање означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на градот Скопје. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети  и новиот, земен систем на настава; вовел и клупи и современи наставни средства (земни таблици, песочница, географска карта, глобус и сл.) и современи наставни методи, ги исфрлил и физичките казни. За намената што ја добило училиштето била подигната нова училишна зграда.

**Втор период (1945-1991год.)**

Веднаш по ослободувањето на Скопје училишното ѕвоно повторно се огласило повикувајќи 475 ученици кои следеле настава од прво до седмо одделение. Училиштето и понатаму го задржало дотогашното име „Св. Кирил и Методиј“. Во наредните години бројот на учениците рапидно расте и наставата се изведува во две смени. Во 1961 година училиштето прераснува во осумгодишно. По катастрофалниот земјотрес во 1963 год. наставата се изведувала во монтажна барака со три училници и во неа се одвивала настава во три смени со скратени часови од по 40 минути. Новата училишна зграда е предадена во употреба на 28.12.1964 год. во која се сместуваат уште две училишта (економското училиште „Моша Пијаде“ и гимназијата „Орце Николов“) се до 1968 год. Во учебната 1973/74 год. училиштето го губи зборот „Свети“ во својот наслов.

Во 1978 год. на училишниот колектив му е доделена наградата „13 Ноември“ за придонес во ширење на просветата и културата кај младите. До 1979 година во овој период се школувале 16260 ученици.

**Трет период (1991 до денес)**

Во 1993 год. на свечена седница на Окружниот стопански суд училиштето се пререгистрира во „Свети Кирил и Методиј“ –Скопје. Во овој период во училиштето завршиле околу 20854 ученици. Во денешно време училиштето го следи брзиот техничко-технолошки развој и стремежот за приближување кон европските стандарди во секојдневната работа. Покрај академски и интеркултурни стандарди училиштето посебно се залага за развивање на свеста и разбирањето на други култури, нивно почитување, взаемна комуникација и соживот.

ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар-Скопје, ја изработи Годишната програма за работа, по Правилникот за изработка на годишна програма изготвен и објавен на 07 јули 2020 година од  страна на Министерството за Образование и Наука при Владата на Р. Северна Македонија. При нејзината изработка се водевме од следните појдовни основи: Закон за основно образование (Сл.весник на Р. Северна Македонија бр.161 од 05.08.2019 год.), Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Сл.весник на Р. Северна Македонија бр.161 од 05.08.2019 год.), Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми, подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите), извештаи (Годишен извештај за работата на основното училиште од претходната учебна година 2021-2022 год., самоевалуација 2019-2021 год., извештаи за финасиското работење на училиштето), записници, искуствата од партнерството со родителите итн.

Оваа учебна година нашата активност ќе продолжи во правец на реализирање на приоритетите, а со цел подобрување на успехот на учениците, јакнење на социјализацискиот аспект и личноста на ученикот. Целта на нашето училиште е од година во година да ги подобруваме и модернизираме условите за работа и воспитно-образовната работа, со цел ученикот да усвои знаења, да ги развива способностите и вештините потребни за продолжување на школувањето и да ги продлабочи и прошири знаењата во функција на нивна практична примена, односно да се оспособи да го примени стекнатото знаење во разни области. Настојуваме континуирано да го усовршуваме наставниот кадар за квалитетно реализирање на планираните активности, да го унапредуваме квалитетот на наставата и постигањата на учениците и да го отвораме училиштето кон локалната средина и кон разни институции и организации. Со годишната програма за работа направен е обид да се разработат и конкретизираат воспитно-образовните задачи, да се синхронизираат сите работни задачи, да се обезбеди следење и информирање за квалитетот на извршената работа и објективно вреднување на постигнатите резултати.

ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар-Скопје како дел од државниот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес. Преку Годишната програма ќе ги реализира целите и задачите на воспитанието и образованието на Р. Северна Македонија зацртани во Законот за основно образование.

## Содржина

1.Општи податоци за основното училиште....11

1.1.Табела со општи податоци ....11

*1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште ....12*

2. Податоци за условите за работа на основното училиште ....14

*2.1. Мапа на основното училиште ....14*
*2.2. Податоци за училишниот простор ....15*
*2.3. Простор....16*
*2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ ....17*
*2.5. Податоци за училишната библиотека ....26*
*2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година ....26*

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште ....27

*3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа....27*
*3.2. Податоци за раководните лица....31*
*3.3. Податоци за воспитувачите ....31*
*3.4. Податоци за вработените административни службеници....32*
*3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица ....33*
*3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори ....33*
*3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар....34*
*3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените....34*
*3.9. Вкупни податоци за старосна структура на вработените ....34*
*3.10. Податоци за учениците во основното училиште ....35*

4. Материјално-финансиско работење на основното училиште....36

5. Мисија и визија ....37

6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено/стекнати искуства ....37

7. Подрачја на промени, приоритети и цели....38

*7.1. План за евалуација на акциските планови....57*

8. Програми и организација на работата во основното училиште....58

*8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште....58*
*8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите ....60*
*8.3. Работа во смени ....61*
*8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата....61*
*8.5. Проширена програма....61*
*8.6. Комбинирани паралелки ....69*
*8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште....69*
*8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение....69*
*8.9. Изборна настава....70*

*8.10. Дополнителна настава......71*
*8.11. Додатна настава......73*
*8.12. Работа со надарени и талентирани ученици......75*
*8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби ......76*
*8.14. Туторска поддршка на учениците......77*
*8.15. План на образовниот медијатор ......77*
9. Воннаставни активности ......78
*9.1. Училиштни спортски клубови......79*
*9.2. Секции/Клубови......81*
*9.3. Акции......82*
10. Ученичко организирање и учество ......84
11. Вонучилишни активности......88
*11.1. Екскурзии, излети и настава во природа ......88*
*11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности......88*
12. Натпревари за учениците ......89
13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција ......90
14. Проекти кои се реализираат во основното учлиштето......91
15. Поддршка на учениците......96
*15.1. Постигнување на учениците ......96*
*15.2. Професионална ориентација на учениците......98*
*15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација ......102*
16. Оценување......103
*16.1. Видови оценување и календар на оценувањето ......103*
*16.2. Тим за следење, анализа и поддршка ......103*
*16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар .104*
*16.4. Самоевалуација на училиштето ......109*
17. Безбедност во училиштето ......110
18. Грижа за здравјето ......110
*18.1. Хигиена во училиштето......110*
*18.2. Систематски прегледи......111*
*18.3. Вакцинирање......111*
*18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата......111*
19. Училишна клима ......112
*19.1. Дисциплина......112*
*19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето ......114*
*19.3. Етички кодекси......114*

*19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето* ..... *115*
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ..... 116
*20.1 Детектирање на потребите и приоритетите* ..... *116*
Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар ќе се одвива на интерно и екстерно ниво врз основа на изработена годишна програма за обуки за стручно усовршување на наставниците која се донесува од страна на Министерот за образование до крајот на месец јануари за тековната година. Предлог годишната програма за обуки за стручно усовршување ја изработува и предлага Бирото во соработка со Државниот просветен инспекторат. Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитираните програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Наставниците се обврзани да посетат 60 часа на обуки во текот на три учебни години за континуирано стручно усовршување. ..... 116
*20.2 Активности за професионален развој* ..... *116*
*20.3 Личен професионален развој* ..... *117*
*20.4. Хоризонтално учење* ..... *117*
*20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар* ..... *118*
Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно –образовниот кадар кој се одвива во три дела односно фази, првиот дел е посветен на приправничкиот период, вториот дел се однесува на периодот каде наставникот/стручниот соработик работи самостојно и третиот дел каде што напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник. ..... 118
Како поддршка во кариерниот развој училиштето има за цел да го олесни снаоѓањето во училишниот живот и да понуди практични совети и иновативни идеи. Образовниот кадар се запозна со стандардите за наставник/ стручен соработник –ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја и тоа : ..... 118
Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем ..... 118
Поучување и учење ..... 118
Создавање стимулативна средина за учење ..... 118
Социјална и оразовна инклузија ..... 118
Комуникација и соработка со семејството и заедницата ..... 118
Професионален развој и професионална соработка ..... 118
Воспитно- образовниот кадар е запознаен и со критериумите за напредување во знањата метор и советник како и процедурата за стенување на звање. ..... 118

Критериуми за наставник /стручен соработник ментор : 118

Наставникот/стручниот соработник ментор има 7 години работно искуство како наставник 118

Ги исполнува професионалните стандарди за ментор . 118

Критериуми за наставник /стручен соработник советник : 118

Наставникот/стручниот соработник ментор има 9 години работно искуство како наставник/стручен соработник. 118

Ги исполнува професионалните стандарди за советник. 118

21. Вклученост на семејствата во училиштето 119

*21.1 Во животот и работата на училиштето 119*
*21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонанаставните активности. 120*
*21.3 Едукација на родителите и старателите 121*

22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето 121

Училиштето не е изолирано од неговото опкружување, па затоа постојано учествува во активностите на локалната заедница. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето. Училиштето постојано ги унапредува организациските вештини, да го препознае локалниот контекст во кој се наоѓа училиштето и да се промовира на тој начин. Подрачјето за соработка со локалната самоуправа е основа за воспоставување на врска помеѓу претставници од локалната самоуправа и училиштето. Основна цел на оваа соработка е да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен. Да се реализираат активности во неколку нивоа: 121

· Учество во одбележување на настани од локален карактер; 121

· Присуство на претставници од општествени, културни, здравствени, социјални установи во одбележувањето на Патронатот на училиштето; 121

· Преземање на активности со соодветни институции на локално ниво во општината; 121

· Остварување бројни активности исполнети со културни и образовни содржини наменети за граѓаните од средината во која работи и живее училиштето тоа следните активности: 121

· Ликовни и литературни конкурси, изложби, промоции; 121

· Одржување на отворени трибини и теми за актуализирање на одредени тековни проблеми и промовирање на работата на училиштето, планирање и реализирање на отворени емисии, разни соопштенија на локалните медиуми; 121

· Изработка и промовирање на проекти, донаторски акции, манифестации, саеми на креативност; 121

· Учество на одбележување на настани и други активности од локален карактер. Претставници од локалната самоуправа активно да се вклучат и имплементираат во работата на училиштето пред се со тоа што ќе се прифатат нови идеи со цел поставување на нови, повисоки критериуми и барања за остварување подобри резултати, да бидат вклучени во соработка со родителите, со други служби и институции од локалната заедница за подршка на учениците. Училиштето максимално се вклучува во помош на учениците од социјално ранливите категории, за обезбедување на материјали за работа, бесплатно учество на екскурзии, постојана соработка со Црвениот крст и други организации и здруженија....121
23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште....122
24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште....123
25. Заклучок....126
26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште....127
27. Користена литература....127
ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ....128
ПРИЛОГ БР. 1:....128
Годишна програма за работа на Директорот....128
ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ АКТИВ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА....170
Координатор: Горица Бошкоска, наставник по Граѓанско образование....188
Прилог бр 27*:* Програма за соработка со локална средина и локална заедница....232

# 1.Општи податоци за основното училиште

## 1.1.Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ |
| Адреса, место, општина | Ул.1737 бр.1 Центар Скопје |
| Телефон | 02/3 164 357 02/3 213 799 |
| Факс | 02/3 164 357 |
| Веб-страница | www.oukimskopjecentar.com |
| Е-маил | oukimsk@yahoo.com |
| Основано од | 1985 |
| Верификација-број на актот | ИО – ГНОО на Град Скопје |
| Година на изградба | 1963/64 |
| Тип на градба | Цврста |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 3101 $м^2$ и галерија |
| Училиштен двор (m2) | 3005 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 600 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Централно парно греење |
| Училиштето работи во смени | Училиштето работи во една смена |
| Број на паралелки | 19 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на мајчин македонски јазик во текот на 186 години. |

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор (име и презиме) | Сашо Јанев - претседател (родител) 2021-2024 година<br>Марија В. Алексова - член (од училиште) 2021-2024 година<br>Маја Бутлеска - член (од училиште) 2021-2024 година<br>Вера Петровска - член (од училиште) 2020-2023 година<br>Сузана Попоска - член (родител) 2020-2023<br>Габриела Крстевска - член (родител) 2020-2023<br>Маја Герасимовска - член (Општина Центар) 2019-2022 година |
| Членови на советот на родители (име и презиме) | Вера Лазарова (претседател на Советот на родители), Мина Дуровиќ, Љупчо Јованов, Сабина Мандак, Алберт Изеировски, Данило Недиќ, Олга Василевска, Дијана Крстевска, Јасмин Реџепи, Симона Петровски, Азрина Зекировиќ, Габриела Крстевска, Татјана Генчов, Јасмина Трифуновска, Билјана Стојчевска, Џемила Едип, Весна Димитриевска, Наде Трајковска (Недостасуваат претставници на родители од првите одделенија кои ќе се делегираат на првата родителска средба во учебната 2022/2023 година) |
| Стручни активи (видови) | I-V Стручен актив на одделенска настава<br>VI-IX Стручен актив на предметна настава<br>- Природно-математички стручен актив<br>- Јазичен стручен актив<br>- Општествен стручен актив<br>- Стручен актив по уметност и вештини |
| Одделенски совети (број на наставници) | I-V - 20 наставници и VI-IX - 22 наставници |

| | |
|---|---|
| Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме) | Соња Кирковска - директор<br>Сања Шутиноска- психолог (замена: Иван Христов)<br>Маја Ѓорчевска –Затуроска - педагог<br>Татјана Павловска-Деспотовска - образовен рехабилитатор и едукатор<br>Виолета Секуловска - одделенски наставник<br>Драган Станојковски -предметен наставник<br>Бинера Зекир - родител<br>Олга Василевска - родител |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | 19 ученика (претседатели на паралелките), со 19 паралелки и вкупно 405 ученици |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | Ученичкиот парламент со неговите членови ќе се конституира на првиот состанок во септември |
| Ученички правобранител | Ученичкиот правобранител ќе се бира на првиот состанок во септември |

# 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

## 2.1. Мапа на основното училиште







V-3 III-3 мак

## *2.2. Податоци за училишниот простор*

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 1 |
| Број на подрачни училишта | / |
| Бруто површина | 3848 $м^2$ |
| Нето површина | 3101 $м^2$ и галерија |
| Број на спортски терени | 1 |
| Број на катови | 3 |
| Број на училници | 25 |
| Број на помошни простории | 6 |
| Училишна библиотека, медијатека | 2 |
| Начин на загревање на училиштето | Централно парно греење |

## *2.3. Простор*

| **Просторија** | **ВКУПЕН БРОЈ** | **ПОВРШИНА м$^2$** | **СОСТОЈБА (оценети според нормативот 2019)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 55,25 м$^2$ | 3 | Во моментот не се во целост задоволени критериумите согласно Нормативот за простор, опрема и нагледни средства |
| Кабинети | 14 | 55,25 м$^2$ | 3 | |
| Кабинет по информатика | 1 | 110,50 м$^2$ | 3 | |
| Канцеларии | 2 | 10,50 м$^2$ | 4 | |
| Канцеларија на директор | 1 | 28,00 м$^2$ | 4 | |
| Наставничка канцеларија | 1 | 110,50 м$^2$ | 3 | |
| Библиотека | 2 | 38,50 м$^2$ | 3 | |
| Помошни простории | 5 | 10,50 м$^2$ | 3 | |
| Училишна спортска сала и галерија | 1 | 600,00 м$^2$ | 5 | |
| Училишен двор со спортски терени | 1 | 1000 м$^2$ | 2 | |
| Училишна кујна и трпезарија | 1 | 186,75 м$^2$ | 3 | |
| Подрум | 1 | 41 м$^2$ | 2 | |

## *2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“*

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА** | | |
| Македонски јазик | *Наставни средства:<br>сликовници и книги,<br>изработки од ученици,<br>принтери,<br>смарт табли,<br>телевизор со андроид уред,<br>радио со цд-плеер,<br>компјутери,<br>ЛЦД – проектор,<br>Песочни табли/кутии за цртање и пишување (магичен кинетички песок),<br>проекционо-платно(електрично ѕидно),<br>магнети,<br>звучна азбука,<br>едукативан игра есклорио,<br>картички македонска азбука,<br>забава со букви,<br>забавни едукативни игри азбука,<br>секоја училница располага со фонд на книги (мини библиотека) | смарт табли 7,<br>сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки), анимирани филмови,<br>образовни софтвери,<br>постер со ракописни латинични букви,<br>работни листови со граматика,<br>енциклопедии,<br>стручна литература,<br>нови наслови на лектирни изданија<br>интерактивни сликовници, енциклопедии и постери |

| | | |
|---|---|---|
| Математика | *Наставни средства:<br>Математички плочки,<br>2Д и 3Д форми,<br>табела 100,<br>линијар, шестар, агломер,<br>пластични стапчиња,<br>карти со вредности -С, Д, Е (месни вредности), дрвени коцки,<br>дрвен часовник,<br>магнетна табла,<br>картички со броеви,<br>вага,<br>мерици за течност,<br>часовник,<br>мерила за должина,<br>математички плочки,<br>геотабла,<br>домино,<br>едукативни игри,<br>песочен часовник,<br>аналоген часовник со стрелки,<br>мрежа,<br>3Д форми,<br>коцки за поврзување,<br>едикативна игра есплорио,<br>чаши со различна големина,<br>парчиња С Д Е,<br>математички картички,<br>мали дрвени сметалки,<br>математички картички со стрелки,<br>математичка авантура,<br>коцки во боја,<br>постер бројна оска, броеви до 100,<br>геометриски сет 3 форми,<br>модел на цело – дропки, | бројалка со дрвени топчиња,<br>дигитален часовник,<br>монети и банкноти од 1, 2, 5 и 10, денари, манипулативи за броење,<br>апарат и фолии за пластифицирање<br>ѕидни постери со формули и таблиците за множење и делење,<br>Интерактивни сликовници,енциклопедии и постери |

| | | |
|---|---|---|
| | пластични копчиња со геометриски форми,<br>едукативна магнетна игра танграм,<br>танграм, | |
| Општество | *Наставни средства:<br>географска карта на РСМ,<br>етнолошко катче со традиционални предмети,<br>коцки за конструирање,<br>семафор, знакот стоп,<br>униформи, стетоскоп,<br>докторски прибори и други играчки од ваков вид,<br>играчки – возила: амбулантно, противпожарно или полициско возило<br>постери (годишни времиња, овошје зеленчук, превозни средства, дом и семејство),<br>картички со емоции,<br>едукативна магнетна игра сообраќај,<br>постер, знаме и грб на РСМ,<br>едукативни перничиња со емоции,<br>едукативна магнетна игра годишни времиња | сложувалки или илустрации со ликови на човечки лица со различни емоции,<br>сграчки за поддршка на содржините/активностите (градинарски алат),<br>сложувалка со знамето на РСМ и градот Скопје,<br>постери со сообраќајни знаци, сообраќајни средства, глобус,<br>постери за темите кои се обработуваат:<br>„Односи во семејството“, „Јас и другите“, „Училиштето и знаењето“ „Мојот роден крај“,<br>образовни софтвери,<br>фотографии (постери) од убавините на нашата татковина и ЕУ,<br>интерактивни сликовници, енциклопедии |
| Природни науки | *Наставни средства:<br>Струјни кола изработени од учениците, компјутер, принтер, ЛЦД проектор, | висинометри (метарски стап),<br>огледала (пластични), лупи,<br>платнени вреќички со врвка,<br>мали саксии, саксиски растенија, збирка семиња и семиња за |

| | | |
|---|---|---|
| | телевизор со андроид уред,<br>очна табела,<br>играчки со мотор/механизам за навивање,<br>постери (диви и домашни животни, моето тело, пирамида на правилна исхрана),<br>едукативна магнетна игра облека момче - девојче,<br>едукативна магнетна игра моето тело | засадување, хумусна почва, торбички за изработка на збирки, капалки, алуминиумска, пластична фолија, мали теглички, детски играчки (топки, автомобилчиња, јаже, шишенца со сапуница, магнети со различна големина и форма, ситни метални предмети (монети,спојувалки, накит и сл.),<br>струјни кола,<br>модел на сончев систем,<br>магнети, различни типови на материјали,<br>светилки,<br>книги со приказни по теми,<br>примероци од различни видови почва,<br>постери од темите: животни процеси, материјали, растенија што цветаат, сили, сетила и одржување на здравјето, делови на растение постери со синџири на исхрана,<br>пластичен скелет на човек,<br>модели и постери со сетила за слух, вид, мирис, допир и вкус,<br>енциклопедии и постери за особини на животните и растенијата и за поделба на животните и растенијата,<br>термометри,<br>компас,<br>фонометар,<br>опрема за изработка на струјни кола,<br>илустриран материјал за формата на Земјата, Земјини обвивки/сфери,<br>релјеф и релјефни форми,<br>работни листови,<br>интерактивни сликовници |
| Ликовно образование | *Наставни средства:<br>основни ликовни материјали (стручна литература),<br>изработки од ученици | постер со основни бои,<br>средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, еколошки бои и др.),<br>украсна хартија, кофи за вода<br>постери за ликовни елементи и принципи, хамери бели и во боја, енциклопедии за историја на ликовна уметност и архитектура, четки во различни големини |
| Музичко образование | *Наставни средства:<br>нагледни средства кои се | детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, |

| | | |
|---|---|---|
| | изработуваат заедно со учениците,<br>изработени детски музички инструменти,<br>синтисајзер, касетофон и ЦД плеер | тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре), клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент, аудио и видео ЦД со соодветна содржина |
| Физичко и здравствено образование | *Наставни средства:<br>гимнастички душеци,<br>подвижни монтажни кошеви,<br>одбојкарска мрежа,<br>алпинистички карпи,<br>пинг-понг маса,<br>мали фудбалски голови,<br>меки подлоги за вежбање,<br>јажиња за скокање,<br>спортски топки за ракомет, кошарка, фудбал, одбојка,<br>високи и ниски чуњеви,<br>маркери за подлога,<br>конуси, пинг-понг рекети и топчиња, пластични препреки за тренирање,<br>простирки,<br>стапови за тренирање. | помали и поголеми топки,<br>тениски топчиња,<br>пинг-понг топчиња,<br>балони и топки за спортски игри, обрачи, гумени и дрвени палки, јажиња,<br>ниски и високи чуневи<br>конусни маркери,<br>морнарски скали за подлога, координациски скали,<br>ниски справи од спортска гимнастика,<br>шведски скали,<br>висечки јажиња,<br>рипстоли,<br>шведска клупа,<br>ниски кошеви,<br>ниска одбојкарска мрежа<br>кошаркарска конструкција метална склоплива 2 комплета за на ѕид во комплет со секурит табла во метална рамка,<br>обрач зглобен школски и мрежа,<br>ракометни голови метална конструкција, со чаури за прицврстување во под и мрежи,<br>дрвени рипстоли,<br>душеци за вежбање,<br>јарец со мека облога од природна кожа,<br>шведски сандак од 5 сегменти,<br>отскочна даска од посебно обликувани врзани плочи,<br>клупи за одење или седење |
| Англиски јазик - одделенска | *Наставни средства:<br>ЦД,<br>флеш карти,<br>компјутер,<br>ЛЦД проектор. | постери и материјали за визуелизација |

| | | |
|---|---|---|
| Работа со компј. и основи на програмир. | Звучници,<br>Компјутери,<br>камери со микрофон | компјутер или таблет за секој ученик |
| Техничко образование | *Наставни средства:<br>линијари, шестар, агломер | дидактички и други визуелни средства: слики, слајдови, модели, макети и др. |
| **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА** | | |
| Македонски јазик | *Наставни средства:<br>хамери изработени од ученици,<br>шеми и илустрации изработени од учениците,<br>карта на Македонија | изборни лектирни изданија |
| Математика | 6 триаголници, 1 линеар, 3 шестари, 3 агломери, жичани, пластични и дрвени геометриски фигури (многу стари), 1 принтер | Нови геометриски фигури, 2 линеари, 2 шестари за бела табла, 2 нови компјутери или лаптопи, лцд-проектор |
| Физика | **Наставни средства:*<br>основен пакет за физички експерименти | ЛЦД проектор или смарт табла |
| Биологија и Природни науки | *Наставни средства:<br>основен пакет за микроскопирање и експерименти по биологија | проектор,<br>лап топ или таблет |
| Хемија | *Наставни средства:<br>основен лабораториски прибор  и хемикалии | ЛЦД проектор или смарт табла |
| Географија | *Наставни средства:<br>географски карти,<br>глобуси,<br>модел на вулкан | Монитор и политичка карта на Европа |
| Историја | *Наставни средства:<br>стручна литература<br>историски карти | историски карти,<br>ЛЦД – проектор,<br>карти за среден век – 7мо одд |

| | | |
|---|---|---|
| Англиски јазик | *Наставни средства:<br>ЦД плеер,<br>постери,<br>библиотечен фонд на ридерси,<br>енциклопедии,<br>флеш карти | ЦД,<br>постери,<br>книга граматика на англиски јазик со вежби,<br>дополнителна литература (текстови) на англиски јазик,<br>дијафилмови,<br>филмови во согласност со возраста и нивото на познавање на јазикот |
| Музичко образование | *Наставни средства:<br>смарт табла и компјутер,<br>пијано,<br>детски музички инструменти<br>ритмички ДМИ<br>дајриња во различни големини,<br>тропалки маракас,<br>повеќе пара дрвени ритмички стапчиња,<br>пара кастањети,<br>пара чинели,<br>триангла,<br>прапорци,<br>дрвени барабана,<br>Мелодиски ДМИ,<br>ксилофона (глокеншпил),<br>блок флети,<br>мелодики,<br>лаптоп,<br>ДВД и телевизор<br>принтер | блок флејти -YAMAHA<br>20 инструменти<br>2 глокеншпила,<br>класичен метроном |
| Етика | *Наставни средства:<br>изработки од ученици | стручна литература |
| Етика на религиите | *Наставни средства:*<br>изработки од ученици | стручна литература |
| Граѓанско образование | *Наставни средства:<br>брошура за VIII одд.,<br>прирачник за IX одд.,<br>лап топ,<br>ЛЦД проектор | стручна литература |
| Германски јазик | Интерактивна дисплеј | Дигитални пакети на учебници |

| | | |
|---|---|---|
| | табла | |
| Информатика | *Наставни средства:<br>компјутери<br>ЛЦД - проектор | 10 компјутери/лаптоп, таблети, смарт табла |
| Ликовно образование | *Наставни средства:<br>преса за графичка уметност,<br>каталози од изложби,<br>изработки од ученици | компјутер,<br>специјализирани клупи за цртање, смарт табла,<br>енциклопедии за историја на ликовна уметност и архитектура, стручна литература |
| Физичко и здравствено образование | *Наставни средства:<br>гимнастички душеци,<br>подвижни монтажни кошеви,<br>одбојкарска мрежа,<br>алпинистички карпи,<br>пинг-понг маса,<br>мали фудбалски голови,<br>меки подлоги за вежбање,<br>јажиња за скокање,<br>спортски топки за ракомет, кошарка, фудбал, одбојка,<br>високи и ниски чуњеви,<br>маркери за подлога, конуси, пинг-понг рекети и топчиња, пластични препреки за тренирање,<br>простирки,<br>стапови за тренирање | помали и поголеми топки,<br>тениски топчиња,<br>пинг-понг топчиња,<br>балони и топки за спортски игри, обрачи, гумени и дрвени палки, јажиња,<br>ниски и високи чуневи, конусни маркери,<br>морнарски скали за подлога, координациски скали,<br>ниски справи од спортска гимнастика,<br>шведски скали,<br>висечки јажиња,<br>рипстоли, шведска клупа, ниски кошеви, ниска одбојкарска мрежа<br>кошаркарска конструкција метална склоплива 2 комплета за на ѕид во комплет со секурит табла во метална рамка,<br>обрач зглобен школски и мрежа,<br>ракометни голови метална конструкција, со чаури за прицврстување во под и мрежи,<br>дрвени рипстоли, душеци за вежбање,<br>јарец со мека облога од природна кожа,<br>шведски сандак од 5 сегменти,<br>отскочна даска од посебно обликувани врзани плочи, |
| Сензорна соба | полутопка,<br>виножитни јажиња,<br>феликс,<br>аудима,<br>весели топчиња,<br>квадрата гасеница,<br>транспарент броеви,<br>транспарентни букви,<br>дрвени магнет букви,<br>танграм сложувалка, | |

| | | |
|---|---|---|
| | домино,<br>дрвени дидактички скали,<br>дрвен едукативен часовник,<br>геометриски парови,<br>дрвена јенга игра,<br>интерактивен лавиринт,<br>игра со броеви,<br>проектна лампа,<br>сјаен панел,<br>диско топка,<br>монитор на допир,<br>големи шарени тастаури,<br>тастаура во боја,<br>издвоени клика,<br>trackball со кружен клик,<br>конфигурабилни џоистици за компјутер,<br>едукативни игри,<br>таблети на реверс,<br>фолии за пластифицирање,<br>хартија во боја,<br>светлосен панел А3,<br>мунтифункционална жирафа дрвена играчка,<br>принтери,<br>магнетна бела табла,<br>маркери во боја за табла,<br>ѕидни постери со броеви до 100 множење и делење,<br>кирилични и латинични букви,<br>делови од телото, животни, годишни времиња<br>сложувалки или илустрации со ликови на човечки лица со различни емоции | |

## *2.5. Податоци за училишната библиотека*

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1 | Лектири | 12 687 |
| 2 | Стручна литература | 1 495 |
| 3 | Литература  за деца | 6 340 |
| 4 | Литература за возрасни | 4 907 |
| 5 | Атласи, енциклопедии и речници | 98 |

## *2.6. План за обновување  и адаптација во основното училиште во оваа учебна година*

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Доопремување на спортската сала | во зависност од средствата | Обезбедување на услови за одвивање на наставата по Физичко и здравствено образование |
| Фасада на училишната зграда | во зависност од средствата | Обезбедување енергетска ефикасност |
| Замена на канализациона мрежа и реконструкција на тоалетите | во зависност од средствата | Обезбедување на хигиенски услови |
| Училишен двор | во зависност од средствата | Оплеменување на просторот за игри и слободни активности |

# 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

## *3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа*

| Р. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Виолета Секуловска | 1967 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 31 |
| 2 | Ана Покупец-Апостолски | 1973 | Дипломиран педагог | ВСС | Одделенски наставник | / | 21 |
| 3 | Мери Ќурчиева | 1975 | Дипломиран педагог | ВСС | Одделенски наставник | / | 21 |
| 4 | Мирјана Јанеска | 1961 | Наставник одделенска | ВШП | Одделенски наставник | / | 31 |
| 5 | Виолета Ѓошева | 1960 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 38 |
| 6 | Вера Петровска | 1961 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 35 |
| 7 | Горица Веловска | 1960 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 41 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Данче Гиговска | 1964 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 33 |
| 9 | Гордана Букревска | 1965 | Дипломиран педагог | ВСС | Одделенски наставник | / | 31 |
| 10 | Нела Никовска-Слезенкова | 1974 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | ментор | 25 |
| 11 | Даниела Крстевска | 1980 | Дипломиран педагог | ВСС | Одделенски наставник | / | 14 |
| 12 | Нина Николовска | 1979 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 14 |
| 13 | Симона Пецова | 1977 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 13 |
| 14 | Анка Чоневска | 1984 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 5 |
| 15 | Луиза Наневска | 1970 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 28 |
| 16 | Александра Крстова | 1981 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 12 |
| 17 | Дијана Илиевска Коваческа | 1970 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 27 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Биљана Стојановска | 1981 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 9 |
| 19 | Катарина Лазаревска | 1977 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | Одделенски наставник | / | 12 |
| 20 | Сања Пиперевска | 1982 | Дипломиран педагог | ВСС | Одделенски наставник | / | 17 |
| 21 | Маја Бутлеска | 1985 | Дипломиран професор по англиски јазик | ВСС | Англиски јазик | / | 12 |
| 22 | Ирена Бакреска Василевска | 1974 | Дипломиран професор по англиски јазик | ВСС | Англиски јазик | / | 14 |
| 23 | Елизабета Христовска | 1963 | Наставник по англиски јазик | ВШП | Англиски јазик | / | 33 |
| 24 | Чедомир Пановски | 1977 | Дипломиран професор по физичко образование | ВСС | Физичко и здравствено образование | / | 13 |
| 25 | Драган Станојковски | 1983 | Дипломиран професор по физичко образование | ВСС | Физичко и здравствено образование | / | 11 |
| 26 | Валентина Лена Вељан | 1972 | Дипломиран професор по физичко образование | ВСС | Физичко и здравствено образование | / | 13 |
| 27 | Ирена Костовска | 1973 | Дипломиран професор по македонска книжевност | ВСС | Библиотека | / | 9 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Ирена Тодороска-Пановска | 1973 | Дипломиран професор по македонски јазик | ВСС | Македонски јазик | / | 25 |
| 29 | Марија Варадинска | 1971 | Дипломиран професор по македонски јазик | ВСС | Македонски јазик | / | 24 |
| 30 | Марина Станковиќ | 1976 | Дипломиран професор по ликовна уметност | ВСС | Ликовно образование | / | 11 |
| 31 | Весна Миливоевиќ | 1966 | Дипломиран професор по географија | ВСС | Географија | / | 15 |
| 32 | Андријана Грујоска | 1977 | Дипломиран професор по биологија | ВСС | Биологија | / | 14 |
| 33 | Кети Христовска | 1978 | Дипломиран професор по германски јазик и книжевност | МР | Германски јазик | / | 19 |
| 34 | Жанета Шумкоска | 1973 | Дипломиран професор по математика и физика | ВСС | Математика / Иновации | / | 21 |
| 35 | Ленче Зајковска | 1979 | Дипломиран професор по математика и физика | ВСС | Математика / физика / администратор | / | 14 |
| 36 | Гордана Чеперковиќ Делева | 1960 | Дипломиран професор по математика и физка | ВСС | Математика | / | 37 |
| 37 | Вања Петровска | 1983 | Дипломиран професор по информатика | МР | Информатика / Техничко образование | / | 15 |
| 38 | Бојана Бачоска | 1976 | Дипломиран професор по хемија и биологија | ВСС | Хемија/биологија | / | 17 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | Ненад Наневски | 1961 | Дипломиран професор по историја | ВСС | Историја | / | 27 |
| 40 | Благица Димчева | 1965 | Дипломиран професор по музичко образование | ВСС | Музичко образование | / | 29 |
| 41 | Маја Јакимовска | 1972 | Професор-специјалист по методика на наст. по религиско образование | ВСС | Етика на религии | / | 12 |
| 42 | Горица Бошкоска | 1969 | Професор по филозофија | ВСС | Етика/граѓанско образование | / | 19 |

3.2. Податоци за раководните лица

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Ментор/ советник** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Соња Кирковска | 1974 | Дипломиран професор по одделенска настава | ВСС | директор | / | 23 |

## *3.3. Податоци за воспитувачите*

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Ментор/ советник** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / | / | / | / |

- нема вработени лица како воспитувачи.

### *3.4. Податоци за вработените административни службеници*

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стојанче Кабранов | 1975 | Дипломиран економист | ВСС | Секретар | 11 |
| 2 | Маја Ѓорчевска Затуроска | 1971 | Дипломиран педагог | ВСС | Педагог | 26 |
| 3 | Сања Шутиноска / замена: Иван Христов | 1988 / 1986 | Дипломиран психолог | ВСС | Психолог | 8 / 1 |
| 4 | Нела Радевска | 1966 | Дипломиран педагог | Д-р | Стручен соработник - библиотекар | 33 |
| 5 | Татјана Павловска - Деспотовска | 1986 | Дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор | ВСС | Специјален едукатор и рехабилитатор | 5 |

## 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Методиј Стојановски | 1963 | ССС | IVA | хаус мајстор | 24 |
| 2 | Зора Дамјаноска | 1960 | ССС | IVA | хигиеничар | 30 |
| 3 | Онорина Мацкиноска | 1968 | ССС | IVA | хигиеничар | 23 |
| 4 | Билјана Саревска | 1959 | ВПШ | IVA | хигиеничар | 13 |
| 5 | Нада Трајковска | 1979 | ССС | IVA | хигиеничар | 5 |
| 6 | Маја Пислевиќ | 1988 | ССС | IVA | хигиеничар | 5 |
| 7 | Маја Петрова | 1964 | ССС | IVA | хигиеничар | 13 |

## 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / | / | / |

- Во нашето училиште нема ангажирано лица како образовни медијатори.

## 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на наставниците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Друго | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 55 | 6 | 49 | / | / | / | / | / | 1 | / | 2 |
| Број на наставен кадар | 42 | 3 | 39 | / | / | / | / | / | 1 | / | 2 |
| Број на стручни соработници | 4 | 1 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 7 | 1 | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии - втор циклус | 3 |
| Високо образование | 45 |
| Виша стручна спрема | 3 |
| Средно образование | 6 |

## 3.9. Вкупни податоци за старосна структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | / |
| 31-40 | 7 |
| 41-50 | 21 |
| 51-60 | 17 |
| 61-пензија | 10 |

## *3.10. Податоци за учениците во основното училиште*

Запишувањето на учениците во училиште го врши трочлена комисија која е формирана од страна на директорот и е со следниот состав:

ЧЛЕНОВИ

1. Маја Ѓорчевска Затуроска – педагог
2. Даниела Крстевска – наставник
3. Татјана Павловска – Деспотовска – специјален едукатор и рехабилитатор

ЗАМЕНИК ЧЛЕНОВИ

1. Сања Шутиноска (замена Иван Христов) – психолог
2. Дијана Илиевска Ковачевска - наставник

| Оддел ение | Број на парал. | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Бошњаци | | Турци | | Роми | | Срби | | Друго | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 47 | 5 | 11 | 1 | 1 | 6 | 11 | 5 | 0 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II** | 2 | 37 | 6 | 2 | 0 | 1 | 8 | 13 | 0 | 5 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **III** | 2 | 43 | 5 | 8 | 1 | 0 | 11 | 8 | 1 | 0 | 4 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **I - III** | **6** | **127** | **16** | **21** | **2** | **2** | **25** | **32** | **6** | **5** | **5** | **10** | **2** | **0** | **0** | **1** |
| **IV** | 2 | 53 | 13 | 15 | 0 | 0 | 5 | 9 | 2 | 1 | 4 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **V** | 2 | 48 | 12 | 13 | 1 | 0 | 8 | 9 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV - V** | **4** | **101** | **25** | **28** | **1** | **0** | **13** | **18** | **3** | **2** | **5** | **4** | **1** | **0** | **0** | **1** |
| **I - V** | **10** | **228** | **41** | **49** | **3** | **2** | **38** | **50** | **9** | **7** | **10** | **14** | **3** | **0** | **0** | **2** |
| **VI** | 2 | 52 | 10 | 15 | 0 | 0 | 8 | 8 | 3 | 0 | 2 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **VII** | 2 | 38 | 18 | 9 | 0 | 0 | 2 | 6 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **VIII** | 2 | 42 | 14 | 10 | 0 | 0 | 2 | 8 | 2 | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **IX** | 3 | 45 | 15 | 12 | 0 | 1 | 4 | 4 | 1 | 0 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **VI-IX** | **9** | **177** | **57** | **46** | **0** | **1** | **16** | **26** | **6** | **4** | **6** | **12** | **1** | **1** | **0** | **1** |
| **I-IX** | **19** | **405** | **98** | **95** | **3** | **3** | **54** | **76** | **15** | **11** | **16** | **26** | **4** | **1** | **0** | **3** |
| **Вкупно** | | | **193** | | **6** | | **130** | | **26** | | **42** | | **5** | | **3** | |

# 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар –Скопје, материјално-финансиското работење го спроведува согласно Законот за Буџетите и буџетските корисници (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17).

Според Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од Упатството за начинот на трезорското работење (Сл.весник на РМ БР.219/18), буџетските корисници единки се задолжени да водат посебно сметководство за буџетските и посебно за сопствените приходи, според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања (уплат и исплати на тие средства).

Училиштето ги има следните жиро сметки- трезорски 

- 903 - Наменска - Сметка на основниот буџет
- 603 - Наменска - Сметка на буџет – општина
- 787 - Самофинансирачки дејности - сопствена сметка ( Основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор и вонредни приходи ).

Училиштето како единка-корисник на буџетски средства за да може да биде финансирано и да може да работи материјално-финансиски, потребно е да изготви Финансиски план за наредната година и тоа посебно за 903-Наменски дотации и 787 – Самофинансирачки дејности.

Во изготвувањето на финансискиот план зема учество – Директорот на училиштето, сметководителот и стручната служба на училиштето.

Предлог финансиските планови се доставуваат до Училишниот одбор на училиштето. Се разгледуваат и усвојуваат. Се донесува Одлука за усвоен Предлог финансиски план за наредна година.

По усвојувањето и донесување Одлука, истиот се доставува до општина Центар, Скопје, каде Предлог финансискиот план се разгледува и одобрува на седница на Совет на општината.

Планираните приходи за учебната 2022/2023 год.се распределени по одделни ставки за нивна реализација како расходи и тоа 

- Патни дневни
- Комунални услуги
- Материјали
- Тековно одржување
- Договорни услуги
- Тековни расходи
- Купување на информатичка опрема
- Купување на училишен мебел
- Купување на книги за библиотека.

**Во прилог – Предлог финансиски план за учебна 2022/2023 г.**

## 5. Мисија и визија

***МИСИЈА:*** *Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.*

| 4 | Изготвување на програма според потребите на учениците и распоред за додатна настава | Наставници, ученици, директор, стручна служба МОН | Одделенски и предметни наставници |
| 5 | Реализирање на програмата | Ученици, наставници | Одделенски и предметни наставници |
| 6 | Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите | Ученици, родители | Одделенски и предметни наставници |
| 7 | Водење педагошка евиденција за додатна настава | Наставници, директор, стручна служба, МОН | Наставници |

| Одделенска настава | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Наставник | Време на одржување |
| 1. | Нела С .Никовска | 5 час вторник |
| 2. | Симона Пецова | 5 час вторник |
| 3. | Данче Гиговска | 5 час петок |
| 4. | Гордана Букреска | 5 час петок |
| 5. | Ирена Василевска | 5 час петок |

| Предметна настава | | | |
|---|---|---|---|
| Рб | Наставник | Предмет | Време на одржување |
| 1. | Марија Варадинска | Македонски јазик | 7 час понеделник |
| 2. | Ирена Т. Паноска | Македонски јазик | 7 час вторник |
| 3. | Елизабета Христовска | Англиски јазик | 7 час среда |
| 4. | Маја Бутлеска | Англиски јазик | 7 час вторник |
| 5. | Кети Христовска | Германски јазик | 7 час четврток |
| 6 | Жанета Шумкоска | Математика | 7 час среда |
| 7. | Гордана Ч. Делева | Математика | 7 час понеделник |
| 8. | Ленче Зајковска | Математика/ физика | 7 час вторник |
| 9. | Бојана Бачоска | Биологија/хемија | 7 час четврток |
| 10. | Андријана Грујоска | Биологија | 7 час вторник |
| 11. | Весна Миливоевиќ | Географија | 7 час четврток |
| 12. | Ненад Наневски | Историја | 7 час среда |
| 13. | Горица Бошкоска | Етика/Ѓраѓанско обр. | 7 час четврток |
| 14. | Вања Петровска | Информатика/Техничко обр. | 7 час понеделник |
| 15. | Марина Станковиќ | Ликовно образование | 7 час среда |
| 16. | Благица Димчева | Музичко образ. | 7 час вторник |
| 17. | Чедомир Пановски | Физичко и здрав. обр. | 7 час петок |
| 18. | Валентина Лена Вељан | Физичко и здрав. обр. | 7 час среда |
| 19. | Драган Станојковски | Физичко и здрав. обр. | 7 час вторник |
| 20. | Маја Јакимовска | Етика на религии | 7 час петок |

## *8.12. Работа со надарени и талентирани ученици*

Класификација на надареноста според способностите во поширока смисла:

**1. Специфични училишни способности**
-широка информираност во подготовките на личните интересирања
-брзо усвојување на знаења и вештини
-брзо сфаќање

**2. Општи интелектуални способности**
-висок степен на интелегенција
-богатство на речникот
-љубопитност
-одушевување од новите идеи
-способност за апстрахирање
-лесно учење

**3. Творечки способности**
-независност во мислењето
-флексибилност во мислењето
-инвентивност
-смисла за импровизација
-смисла за хумор
-оргиналност на идеите
-фантазирање

**4. Раководни способности**
-прифаќање на одговорност
-високи очекувања од себе и од другите
-организациски способности
-тенденција на доминација

**5. Психомоторни способности**
-добра кординација и манипулативни вештини
-прецизност на движењата
-големи атлетски способности
-висок степен на телесна енергија

**6. Уметнички способности**
-способност за перцепирање и моторна кординација
-извонредност во чувството на изразување преку музика, глума, уметност, литература, игра и др.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација на талентирани и надарени ученици | На почетокот на учебната година | Стручна служба и наставници | Користење на прашалници, индивидуална и групна работа | Идентификација на надарени и талентирани ученици |
| Проценување на особините на учениците | Прво полугодие | Стручна служба и наставници | Извештаи, самооценување, прашалници | Реализирање на максималниот потенцијал на учениците |
| Поддршка на надарени и талентирани ученици | Во текот на учебната година | Стручна служба и наставници | Индивидуална работа | Планирање, изработка и реализирање на активности според способностите на учениците |
| Следење и насочување за напредок на потенцијалот на учениците | Во текот на учебната година | Стручна служба и наставници | Опсервација, тестови, индивидуална работа | Реализирање на својот потенцијал |
| Процена на интелигенција | Мај, 2022 | Стручна служба | Индивидуална работа, Равен - прогресивни матрици во боја | Процена на интелектуални способности |

## *8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Учебната 2022/2023 година ќе ја започнат дванаесет (12) ученици со посебни образовни потреби, распределени во осум редовни паралелки.

Директорот на училиштето има формирано училишен инклузивен тим со мандат од три години. Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на целото училиште. Тој ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применети во воспитно – образовниот процес.

**Членови на училишен инклузивен тим**:

1. Соња Кирковска – директор
2. Сања Шутиноска (замена: Иван Христов) – психолог
3. Маја Ѓорчевска Затуроска – педагог
4. Татјана Павловкса - Деспотовска – специјален рехабилитатор и едукатор
5. Виолета Секуловска – одделенски наставник
6. Драган Станојковски – предметен наставник
7. Бинера Јусуфовска  - родител
8. Олга Василевска – родител

Директорот на училиштето има формирано дванаесет (12) инклузивни тимови за ученик. Инклузивниот тим за ученик во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици и изготвување и релизирање на нивните индивидуални и образовни планови. ИОП от се изготвува во согласнот со предлог проценка од стручното тело МКФ.

Во согласност со Законот за основно образование и трансформацијата на Посебните основни училишта во Основни училишта со ресурсен центар, ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар – Скопје соработува со ОУРС „Иднина“ – Скопје. Врс основа на досегашните добиени проценки од страна на Стручното тело, нашето училиште има доставено барање до ОУРС „Иднина“ – Скопје за обезбедување на образовени асистенти за двајца ученици. Останатите барања во соглано со проценките ќе бидат доставени во текот на следниот период, а услугите од Ресурсниот центар ќе бидат во согласост со препораките кои ќе се добијат од МКФ.

## *8.14. Туторска поддршка на учениците*

Во училиштето нема тутори за поддршка на учениците.

## *8.15. План на образовниот медијатор*

Во училиштето во образовниот процес не се вклучени лица како образовни медијатори.

# 9. Вонnаставни активности

При планирањето, организирањето и спроведувањето вонnаставни активности во училиштето, се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности. Вонnаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците, ќе се евидентира од страна на одговорниот наставникот

| Видови вонnаставни активности | | |
|---|---|---|
| 1.Краткотрајни | 2.Подолготрајни | 3.Ученичко организирање |
| Едукативни посети и излети | Секции | Заедница на паралелка |
| Еднократни работилници | Клубови | Ученички парламент |
| Акции во училиштето или заедницата | / | / |
| Проекти | / | / |
| Гостувања надвор од земјата во рамките на проекти како Еразмус+, збратимени училишта | / | / |

## *9.1. Училиштни спортски клубови*

Врз основа на член 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010) и член 20 од Статутот на училишниот спортски клуб УСК КИМ СКОПЈЕ, на основачкото Собрание одржано на ден 16.06.2022 година, се усвои и донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ**

**ОПШТИ НАЧЕЛА**

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на РМ, Законот за спорт и Законот за образование, како и Статутот и целите на своето дејствување, училишниот спортски клуб МОНДАНО (во понатамошниот текст на Програмата со назив: УСК), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар – Скопје, според афинитетите на учениците и условите за реализација на истите.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од Програмата за работа на УСК, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар во училиштето, раководните структури и родителите на учениците како и други релевантни фактори во општината.

Планирање и развој

Глобалниот план за развој на УСК и спортски активности во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја :

ОБЈЕКТИ : КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

Користење на училишни сали и терени за спорт и рекреација на учениците.

Користење на други терени и објекти за спорт и рекреација во општината.

АКТИВНОСТИ :

СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, пливање, скијање, стрелаштво, планинарство, теннис, пинг-понг и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски афинитети и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Македонија.

За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот, општинскиот сојуз и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

МЕДИЦИНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Со оглед на се поголемата присутност на физички и телесни деформитети кај младата популација односно учениците, УСК ќе формира секција за Кинезитерапија, преку чија работа на соодветни стручни лица со соодветни вежби ќе се помага на младите лица и децата, односно учениците, за делумно отклонување и намалување на деформитетите и јакнење на организмот.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

Членарина од учесниците во спортските школи
Спонзори и донатори
Самофинансирање од страна на родителите

ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ

Средства од буџетот на општината
Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

Периодични барања до стопанските и нестопанските организации

Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

| | | |
|---|---|---|
| **Одговорни наставници** | СТАНОЈКОВСКИ ДРАГАН-претседател | |

## 9.2. Секции/Клубови

Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Реализацијата на овие активности е наменета за учениците од III, VI, VII, VII, IX одд, со годишен фонд од 36 часови. Секој ученик на почетокот на учебната година пополнува анкетен лист, на кој се дадени сите секции, клубови кои ги организира училиштето. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции / клубови. Оваа учебна година училиштето организира слободни ученички активности во следниве секции:

| Број | Секција | Одговорен наставник | Одделение |
|---|---|---|---|
| 1. | Млади екологисти/<br>Музичко- балетска секција | Нела Слезенкова Никовска, Симона Пецова, Гордана Букревска. Данче Гиговска | III одделение |
| 2. | Млади математичари | Ленче Зајковска, Гордана Делева, Жанета Шумкоска | VI-IX одделение |
| 3. | Научен клуб - хемија, физика и билогија | Бојана Бачоска, Ленче Зајковска, Андријана Грујоска | VII-IX одделение |
| 4. | Драмска секција | Ирена Пановска | VI-IX одделение |
| 5. | Рецитаторска секција | Марија Варадинска | VI-IX одделение |
| 6. | Јас имам талент<br><br>Јас ја сакам музиката | Благица Димчева | VI-IX одделение |
| 7. | Англиско-германски јазичен клуб | Кети Христовска, Елизабета Христовска, Маја Бутлеска | VI-IX одделение |
| 8. | Информатичари и програмери | Вања Петровска | VI-IX одделение |
| 9 | Културен клуб | Бојана Бачоска, Елизабета Христовска, Благица Димчева, Марина Станковиќ, Драган Станојковски, Валентина Лена Вељан, Чедомир Пановски | VI-IX одделение |

Секој одговорен наставник во месец септември ќе изготви Програма за работа со општи и конкретни цели, односно план на активнсти со време на реализација, опфатеност на ученици, процедури, број на ученици (со име и презиме) и сл. Според новата Концепција, одделенските наставниците од I и II, реализираат слободни активности, а од IV и V реализираат содржини од два изборни премети. Во првиот образовен период (I и II одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. На учениците од вториот период на основното образование (IV и V) им се нуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети.

## *9.3. Акции*

Како претходните години, така и оваа учебна година во училиштето ќе се организираат еколошки акции, хуманитарни и ентериерни уредувачки акции, во кои активно учество ќе земат сите ученици со што дополнително ќе се поттикне нивната свест, хуманост, емпатија и чувството за уредност и естетика преку уредувањето на просторот (училници, холови и паноа).

| **Акции** | **Име и презиме на одговорни наставници** | **Содржини** | **Време на реализација** | **Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат** | **Број на ученици од паралелки** |
|---|---|---|---|---|---|
| Базари | Директор, сите наставници и стручна служба | Новогодишен Базар<br>Велигденски Базар | Декември<br>Април | Соодветни материјали и средства потребни за изработка на предмети од страна на ученици, родители и наставници | Вклучени се сите ученици |
| Хепенинзи | Директор, сите наставници и стручна служба | Ликовен хепенинг<br>Литературен<br>Првоаприлски | Континуирано<br>Континуирано<br>април | Хамер,паноа,штафелаи,бои разни матријали и сл. во соработка со ученици, наставници, родители | Ученици кои покажуваат афинитети и кративност |
| Хуманитарни настани | Директор, сите наставници и стручна служба | Ден на гладта<br>Хуманитарни Базари<br>Меѓународен ден на детето и други тековни хуманитарни настани | Септември-јуни | Соодветни материјали и средства донирани од страна на ученици, наставници и родители | Вклучени се сите ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еколошки акции | Директор, сите наставници и стручна служба | Одбележување на денови за заштеда на енергија, вода, заштита на планетата Земја, климата,озонската обвивка, животната средина<br><br>-Акција за реализација на проект „Одржлива градина“<br>(подготвка на просторот, садење семе за создавање расад, градење леи, полнење со плодна почва и хумус, садење расад и сеење семиња од билки) | Септември-јуни<br><br>Април - јуни | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработлка со ученици, наставници, родители | Вклучени се сите ученици |

**Тим за следење на акциите**

| Име и презиме | Позиција |
|---|---|
| Верче Дајмановска | Родител |
| Анка Чоневска | Одделенски наставник |
| Виолета Ѓошева | Одделенски наставник |

# 10. Ученичко организирање и учество

***Организирање на заедница на паралелка***

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат **училишната заедница**. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците, тие учествуваат во заедница на паралелка.

| Планирани активности (содржини) | Цел | Реализатор | Време за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| -Избор на престедател на паралелка<br>-Избор на заменик-претседател<br>-Избор на постојани и привремени тела во паралелката | Организирано остварување на интересите на учениците | Сите ученици во паралелката | Септември | Заедничко одлучување за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, односи со возрасните во училиштето |
| -Процедура за избор на претседател на заедницата на парелката/ заменик-претседател | -Информирање на учениците за процедурата за избор на претседател<br>-Пријавување на кандидатите -Презентирање на критериуми за избор на претседател/зам. претс<br>-Интервју на пријавените кандидати<br>-Избори организирани од страна на комисија од три ученици | Одделенскиот раководител на паралелката и учениците на паралелката | Прв одделенски час<br>Втор одделенски час<br>Трет одделенски час | -Претседателот на заедницата се избира со мандат од една година<br>-Двете функции ги извршуваат ученици од различен пол<br>-Мотивационо писмо на кандидатите<br>-Конституирање на телата во паралелката |
| Функционирање на заедницата на паралелката | -Свикување на состаноци од страна на претседателот на заедницата<br>-Изготвување на план за работа | Претседател на заедницата на паралелката | Минимум еден состанок во месецот во текот на учебната година | -Претставување на учениците во ученичкиот парламент<br>-Информирање за ученичкиот парламент<br>-Организирање расправии на конкретни прашања<br>-Родителски средби<br>-Мирно решавање на споровите во паралелката<br>-Соработка со другите претседатели<br>-Соработка со комисиите<br>-Учествува во работата на ученичкиот парламент |

***План за работа на ученичкиот парламент***

За организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште, учениците се организираат во ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките во едно училиште.

| Планирани активности (содржини) | Цел | Реализатор | Време за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Избор на претседател на ученичкиот парламент на конститутивна седница | -Избор на трочлена комисија за спроведување на изборот<br>-Кандидатура (со пријава до директорот на училиштето) за претседател на парламентот<br>-Презентирање на кандидатите пред членовите | Директор на училиштето и претставниците на парламентот | Септември –последна недела | -Застапување на интересите на сите ученици во училиштето<br>-Гласање на најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели |
| -Избор на заменик – претседател, секретар на ученичкиот парламент<br>-Избор на координативно тело на ученичкиот парламент | Помош во работата на претседателот на парламентот | Директор на училиштето и претставниците на парламентот | Септември –последна недела | -Изработка на предлог-програма за работа на ученичкиот парламент<br>-Подготовка на материјали за седниците на ученичкиот парламент |
| Седници на ученичкиот парламент | -Свикување на седниците по писмен пат | Претседател на ученичкиот парламент | Во текот на учебната година | -Застапување и промовирање на правата и интересите на учениците<br>-Учество во подготовката на годишната програма<br>-Дава предлози за воннаставни активности<br>-Организира и учествува во хуманитарни акции, еколошки активности |
| Присуство на седниците на наставничкиот совет, советот на родители и училишниот одбор | -Двајца претставници (едно машко и едно женско) без право на глас | Претседател на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител | Во текот на учебната година | -Го промовира ученичкиот активизам<br>- Го изразуваат своето мислење, дискутираат за проблеми и предлагаат решенија за подобрување на училишниот живот |

***План за работа на ученичкиот правобранител***

Ученичкиот правобранител е ученичка функција и должност со задача промовирање, поддршка и заштита на детските права во училиштето.

| Планирани активности (содржини) | Цел | Реализатор | Време за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Избирање на ученик правобранител и двајца заменици (според постапката за избор на ученик правобранител) | Избор на ученик правобранител и заменици и запознавање со процесот на воведна обука на избраните ученици | Комисија за избор составена од педагог, психолог и тројца претставници од ученичкиот парламент | Октомври 2 недела | Избрани членови на предлог на комисијата учениците,преставници од сите одд. од 5 до 9 одд. |
| Прибирање поплаки од ученици за прекршени детски права и доставување до стручна служба тековно цела година со одреден ден и недела во месецот | Повреда и прекршување на детските правата | Ученичкиот правобранител и замениците | Континуирано | Заштита од прекршување и повреда на детските права Превземање соодветни мерки |
| Работилница ‚Дефиниција на дете,, (Прирачник-Правата на детето) | Воочување на сличностите и разликите меѓу децата и возрасните | Ученици, наставници | Ноември | Стекнати знаења за сличности и разлики помеѓу децата и возрасните и воочување на правата на децата |
| Инфо ден-право на одмор,забава и разни слободни активности | Да се стекне сознание дека имаат право на учество во уметничкиот живот и личен избор на видови забава | Деца, родители, наставници,граѓани од локалната средина | Декември | Задоволување на личниот интерес на различни полиња |
| Организирање на трибини со различни тематики – дебати – (предлог тема: Заштита на децата без родители или дете со родител со низок социјален статус и дете со посебни потреби | Да се подигне нивото на будност за помош и заштита на ранливи категории на деца (деца со посебни потреби) | Ученици, надворешен стручен соработник-социјален работник | Јануари | Дискусија и дебата на темата, правилно информирани ученици за сосодветна грижа и заштита на децата без родители и низок социјален статус и ПОП |
| Детектирање на насилни однесувања од поедини ученици во училиштето и изработка на кодекс за однесување против насилството односно за | Да се намалат и спречат појави на насилно однесување кај учениците и да се детектираат проблемите | Ученици, стручна служба, наставници | Февруари | Намалени појави на насилно однесување кај учениците и детектирани проблеми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| заштита од истото | | | | |
| Работилница ,,Слобода на здружување,,<br>(од Конвенцијата за правата на<br>децата) | Да научат да ги идентификуваат заедничките интереси, изнаоѓање на заеднички јазик и мултикултура | Ученици, наставник | Март | Начини за остварување на ова право |
| Работилница,трибина и дебата Граница на казнување | Почитување на достоинството на детето и незагрозување на неговиот живот и здравје | Гостин родител познавач на правото или соработник од Детската амбасада Меѓаши | Април | Стекната самодоверба и самокритичност за одредување санкција со тежина на стореното дело |
| Дискусија на тема –Право на заштита од насилство и<br>негрижа | Стекнување свесност за малтретирањето, нечовечкото и понижувачко однесување, лошото лично однесување | Стручна служба, ученици, социјален работник | Мај | Стекната едукација за заштита од насилство или малтретитање |

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Училиштето планира организација и реализација на вонучилишни активности (екскурзии, излети, настава во природа) низ кои учениците можат да ги прошират и продлабочат своите знаења од повеќе воспитно-образовни подрачја и наставни предмети.

**Тим за екскурзии, излети и настава во природа:**

- Сања Пиперевска, Александра Крстова, Виолета Секуловска
- одделенски раководители - Бојана Бачоска, Ирена Т. Пановска
- одделенски раководители - Весна Миливоевиќ, Ленче Зајковска, Драган Станојковски

Во текот на учебната година планирани се :

- Есенски излет
- Пролетен излет
- Настава во природа за ученици од V одделение
- Дводневна екскурзија за ученици од VI одделение
- Тридневна екскурзија за ученици од IX одделение

Во прилог програма за екскурзии и вонучилишни активности

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Податоци за учениците ќе имаме тековно во зависност од афинитетите на учениците кон одредени активности, а потврдено со писмена согласност од нивните родители/старатели за активностите, за учество, патување и сл.

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари играат значајна улога во комплетниот развој на личноста на ученикот, тие ја зголемуваат мотивацијата и интересот на ученикот за одредени предмети и што е најзначајно го поттикнуваат позитивниот натпреварувачки дух. Натпреварите се организираат за да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделен наставен предмет. Содржината на натпреварите треба да биде соодветна на возраста на учениците и согласно наставниот план и програма за основно образование.

Натпреварите ќе се организираат во неколку нивоа: училишни натпревари, натпревари на локално ниво (организирани од страна на Општина Центар), натпревари на регионално ниво, натпревари на државно ниво, учество на градски и регионални смотри на училишниот хор и оркестар.

Учениците кои постигнуваат резултати на натпреварите се промовираат на веб страна и ФБ страната на училиштето.

**Процедура за ученички натпревари:**

За натпреварите се пријавуваат ученици по сопствен избор, исто така одделенските и предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари.

− Непосредно пред натпреварот се известуваат учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување.
− Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници.
− Учениците имаат право да се пријават најмногу на три училишни натпревари, односно само по три наставни предмета.
− Учениците кои ќе освојат 1, 2 и 3 место ќе бидат промовирани на училишната веб страна и фб страна.
− Одделенските и предметнте наставници кои реализираат училишни натпревари треба да изготват:

* Список на ученици кои учествуваат во натпревар,
* да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место)
* копија од спосоците да се даде на одговорниот наставник на Стручен актив

− На одделенските часови учениците да бидат запознаени со процедура и планот за училишните натпревари

## 13. Унапредување на мултикултурализмот / интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште воспостави соработка и има потпишано Меморандум за соработка со партнер училиштето „Братство“ Карпош. Во учебната 2022/23 година ќе се организираат активности, целта ќе биде да се спознаат разликите меѓу албанската и македонската култура, традиција, музика, обичаи, фолклор и храна. Целта е унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите и сузбивање на стереотипите и предрасудите. Со ова ќе се зголемат содржините за меѓуетничка интеграција во наставата.

Училишниот тим одговорен за реализација на активностите од проектот МИО е во состав:

1. Биљана Стојановска - наставник координатор
2. Соња Кирковска - директор
3. Татјана Павловска-Деспотовска - специјален едукатор и рехабилитатор
4. Драган Станојковски - наставник
5. Даниела Крстевска - наставник
6. Училишен правобранител (Избор на нов училишен правобранител во учебната 2022/2023 година)

Активностите за МИО ќе се реализираат во соработка со општина Центар, според креираната општинска стратегија за МИО.

Програмата за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција е дадена во прилог.

# 14. Проекти кои се реализираат во основното училиште

Во учебната 2022/2023 година во училштето ќе се реализираат следните проекти:

| Реден број | Име на проект | Цел на проектот | Исходи од реализација | Временска рамка | Вклученост на наставници | Средства за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Интеркултурна вртелешка II и III одд.** | Запознавање на учениците со нови обичаи, култури и традиции од различни земји низ целиот свет преку различни активности и работилници | Да ги прошират видиците, да создадат сопствен поглед на светот, да развијат способност на сочувство со другите (отстранување на предрасуди) , да равиваат отворен и толерантен дух, да се ориентираат на картата на светот | од ноември 2022 до мај 2023 | Нела Слезенкова Никовска Симона Пецова Данче Гиговска Гордана Букревска Биљана Стојановска Вера Петровска | карта на светот, кутии од чевли, хартија во боја, книги со тематски текстови за различни држави од цел свет, хамери, хартија во боја, предмети и материјали ( топчиња, конзерви, креди во боја, папки, фолии за пластифицирање, чаши, разни семиња) |
| 2. | **E - Twinning проект ROBY-Robotic versus Bullying**<br><br>**Училиште на 21-ви век** | Проширување на знаењата на учениците за основи на програмирање и кодирање преку различни активности и | учениците од I и II одд. да решаваат проблеми по одредени правила и чекори, да објаснуваат за чекорите | од септември 2022 до мај 2023 | Нела Слезенкова Никовска Биљана Стојановска Симона Пецова Вера Петровска Дијана И.Коваческа, Даниела Крстевска, Нина Николоска, | Микробит - уреди, роботчиња „ROBY- MIND“, листови во боја, хамери во боја, компјутери, батерии, фломастери, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | работилници, имплементација на современи наставни средства во наставата во соработка со Friends of Education и дел од Erasmus+ Proekt ROBY | кои ги превзеле во активност, а учениците од Vодд да програмираат и кодираат, да решаваат проблеми по одредени чекори и да ги објаснуваат чекорите кои ги презеле, да препознаат и да се справуваат со различни форми врсничко насилство | | Катарина Лазаревска | мобилни телефони |
| 3. | **Емпатико** | Да поттикне емпатија, љубопитност и креативност преку различни интеракции, употреба на соодветни ресурси за наставниците и да создадат значајни искуства. | Развиени карактерни вредности кај учениците, како што се емпатија, љубезност, љубопитност и креативност. | од септември 2022 до мај 2023 | Биљана Стојановска Вера Петровска | хамери, хартија во боја, тематски книги за развивање на просоцијални вештини, фолии за пластифицирање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **Интеркултурна интервенција – Нансен дијалог центар** | Зајакнување на капацитетот на училиштето со иницирање на интеркултурни и иновативни образовни активности и практики, како и промоција и примена на дијалогот во насока на превенција на конфликти и градењето на мирот. | Развиени интеркултурни вештини Развиена интерперсонална комуникација меѓу учениците Негување на социо-емоционална клима во училницата | од септември 2022 до мај 2023 | Биљана Стојановска Вера Петровска | хамери, хартија во боја, фолии за пластифицирање, книги и енциклопедии |
| 5. | **Ослободување на училиштата од пластика SPEM (School Plastic Free Movement)** | едуцирање на децата за штетноста на пластиката и проблемите кои произлегуваат од нејзина употреба, развивање креативност кај децата за измислување алтернативни материјали кои трајно ќе ја заменат | да се развие свесноста кај учениците за потребата од здрава животна средина, да ја избегнуваат употребата на пластиката во училиште и во секојдневни | од октомври 2022 год. до мај 2023 год. | Нела Слезенкова Никовска Биљана Стојановска, Симона Пецова, Вера Петрова, Дијана И.Коваческа, Даниела Крстевска, Нина Николоска, Катарина Лазаревска | хамери, хартија во боја, фломастери, компјутер, мобилни телефони |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пластиката, креирање на платформа за споделување на информации, преку игровни активности и стратегии да ги вклучиме родителите и локалната средина да | от живот, да разберат дека мораме да го смениме начинот на живот бидејќи станавме најголем загадувач на планетата Земја; | | | |
| 6. | **ЕРАЗМУС+ КА2 проект размена на добри практики**<br><br>**Име на проектот ,,The WOW Experience“** | -Учениците да имаат повеќе можност во текот на своите училишни активности да посетуваат активности во рамките на уметноста, и сето тоа да го поврзат со нивното учење.<br><br>-Интегрирано учење и поврзување на уметноста со останатите предмети | Размена на искуства и добри практики помеѓу партнерите во проектот. | од септември 2020 год. до август 2023 год. | Бојана Бачоска, Елизабета Христовска | финансиран проект од **ЕРАЗМУС+** Национална агенција - Норвешка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | **Инклузија на деца со посебни образовни потреби** | Подигнување на квалитетот на образование за сите ученици | Квалитетно образовани е за сите ученици | Во текот на цела учебна година | Координатор: Сања Шутиноска (замена: Иван Христов) – психолог Маја Ѓорчевска Затуроска, педагог и Татјана Павловска – Деспотовска, специјален едукатор и рехабилитатор | Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ и Детска фондација „Песталоци“, општествено одговорни компании |
| 8. | **Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран** | Да се обезбеди целосна и рамноправна вклученост на децата со попреченост во редовните основни училишта | Рамноправн а вклученост на децата со попреченост во редовните основни училишта | Во текот на цела учебна година | Координатор: Сања Шутиноска (замена: Иван Христов) – психолог Маја Ѓорчевска Затуроска, педагог и Татјана Павловска – Деспотовска | Спонзори |
| 9. | **Антикорупциска едукација на учениците** | Да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството | Ги препознава механизмит е за спречување на корупцијата | април и мај 2022 | Горица Бошкоска | Прирачник, презентација, снимен материјал, прашалник за ученици |
| 10. | **Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето** | Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес | Поттикнува ње на учениците и вработените да дејствуваат еколошки | Во текот на цела учебна година | Наставници V одделение, Бојана Бачоска, Ленче Зајкова | хамери, хартија во боја, фломастери, компјутер, мобилни телефони |

Акционите планови за реализација на сите проекти се дадени во прилог.

# 15. Поддршка на учениците

## *15.1. Постигнување на учениците*

**- Постигнување на учениците на крајот од учебната 2021/2022 година**

| Задолжителни предмети по паралелка | VI1 | VI2 | VII1 | VII2 | VIII1 | VIII2 | VIII3 | IX1 | IX2 | IX3 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 4,26 | 4,16 | 4,09 | 4,30 | 4,53 | 4,61 | 3,50 | 4,83 | 4,36 | 4,50 | **4,31** |
| **Англиски јазик** | 4,53 | 4,68 | 4.68 | 4,70 | 4,76 | 4,78 | 3,90 | 4,56 | 4,55 | 4,67 | **4,58** |
| **Германски јазик** | 4,26 | 4,26 | 4,36 | 4,05 | 4,65 | 4,44 | 3,70 | 4,50 | 4,55 | 4,17 | **4,29** |
| **Математика** | 4,00 | 3,95 | 3,82 | 3,65 | 4,53 | 4,56 | 3,80 | 4,28 | 4,45 | 4,28 | **4,13** |
| **Историја** | 4,37 | 4,00 | 4,36 | 4,00 | 4,53 | 4,78 | 3,60 | 4,44 | 4,27 | 4,50 | **4,29** |
| **Географија** | 3,05 | 3,47 | 3,95 | 3,75 | 4,94 | 4,67 | 3,10 | 3,89 | 3,80 | 4,39 | **3,90** |
| **Граѓанско образование** | / | / | / | / | 4,53 | 4,94 | 4,20 | 4,72 | 4,36 | 4,72 | **4,58** |
| **Биологија** | / | / | 4,64 | 4,40 | 4.82 | 4,72 | 3,50 | 4,56 | 4,45 | 4,78 | **4,48** |
| **Хемија** | / | / | / | / | 4,59 | 4,61 | 3,50 | 4,17 | 4,45 | 4,56 | **4,31** |
| **Физика** | / | / | / | / | 4,47 | 4,67 | 3,40 | 4,06 | 4,27 | 4,28 | **4,19** |
| **Ликовно образование** | 5,00 | 4,74 | 4,95 | 4,95 | 5,00 | 5,00 | 4,40 | 4,67 | 4,64 | 4,94 | **4,83** |
| **Музичко образование** | 5,00 | 5,00 | 4,73 | 4,55 | 4,71 | 4,72 | 3,30 | 4,61 | 4,27 | 4,61 | **4,55** |
| **Физичко и здравствено образование** | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | **5,00** |
| **Техничко образование** | 5,00 | 4,84 | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,92** |
| **Информатика** | 5,00 | 4,53 | 4,91 | 4,20 | / | / | / | / | / | / | **4,66** |
| **Етика** | / | / | 4,50 | 4,30 | / | / | / | / | / | / | **4,40** |
| **Природни науки** | 4,53 | 4,47 | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,50** |
| **Иновации** | / | / | / | / | / | / | / | 4,72 | 4,91 | 5,00 | **4,88** |

**Следната табела го прикажува просечниот годишен успех по паралелки во предметна настава по изборни предмети**

| Изборни предмети по паралелка | VI1 | VI2 | VII1 | VII2 | VIII1 | VIII2 | VIII3 | IX1 | IX2 | IX3 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Етика на религиите** | 5,00 | 5,00 | | | | | | | | | **5,00** |
| **Танци и народни ора** | | | 5,00 | | | | | 5,00 | | | **5,00** |
| **Унапредување на здравјето** | | | | | 5,00 | | | | | | **5,00** |
| **Програмирање** | | | | | | | 4,90 | | | | **4,90** |
| **Воспитание за околината** | | | | | | | | | | 5,00 | **5,00** |
| **Вештини за живеење** | | | | 5,00 | | | | | | | **5,00** |
| **Изборен спорт** | | | | | | 5,00 | | | 5,00 | | **5,00** |

Училиштето континуирано ќе ги следи постигањата на учениците. Стручната служба со одделенските раководители од прибраните податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети по квалификациони периоди пристапува кон компаративна анализа на поединечни ученички успеси. Предвидени се анализи и споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др.

Одделенските и предметните наставници континуирано ќе го следат напредокот и постигањата на учениците и редовно ќе ги известуваат родителите. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ќе ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот ќе се информира преку евидентен лист. За крајниот успех на ученикот ќе се изготват свидетелства.

Наставниот и стручниот кадар во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците.

За да се подобри оценувањето на учениците, училиштето има изготвено „Кодекс за етичко однесување при оценувањето“. Во рамките на активите се забележува стандардизација на формулари за следење и оценување на постигањата на учениците. Успехот на учениците им е достапен на родителите во секое време во електронскиот дневник. Сите наставници редовно реализираат додатна и дополнителна настава и настојуваат да се подобри нивниот квалитет, а со тоа да се подобри и успехот на учениците. Наставниците применуваат ефективни техники и стратегии за утврдување и подобрување на постигањата на учениците, се применуваат различни извори на знаења (енциклопедии, стручна литература), а се применува и дигитализација на наставата. За да се подобрат постигањата на учениците, потребна е поголема вклученост на родителите во наставниот процес.

## *15.2. Професионална ориентација на учениците*

Професионалната ориентација на учениците ја спроведува психологот на училиштето Сања Шутиноска (замена: Иван Христов). Тимот за професионална ориентација на учениците во учебната 2022/2023 година го сочинуваат:

1. Сања Шутиноска (замена: Иван Христов) – психолог
2. Маја Ѓорчевска Затуроска – педагог
3. Весна Миливоевиќ – класен раководител на IX одделение
4. Ленче Зајковска - класен раководител на IX одделение
5. Драган Станојковски - класен раководител на IX одделение
6. Благица Димчева – класен раководител на VIII одделение
7. Марија Варадинска - класен раководител на VIII одделение
8. Горица Бошковска – наставник по граѓанско образование

Програмата за професионална ориентација има за цел да им помогне на учениците и нивните родители / старатели при изборот на средното училиште согласно со способностите, особеностите и афинитетите на учениците. Таа треба да изгради вештини за донесување одлуки преку интеграција на две главни компоненти . Едната компонента е лична компетентност, односно развивање на сопственото „јас“и учење за саморазвој, додека другата е социјална компетентност – учење за живот во демократска заедница и граѓанско општество.

Со учество на учениците во програмата за професионална ориентација се зголемува нивната подготвеност за донесување одлука за понатамошно образование и избор на идна професија и се влијае на проширување на нивните интереси за различни видиви професии.

Професионалната ориентација на учениците ќе се спроведува во три фази и тоа:

**Фаза 1: Самоспознавање** – Главна цел на ова фаза е да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да градат реалина слика за себе, да се оспособат за самопроценка и унапредување на капацитетите за личен раст и развој.

Во оваа фаза учениците учат како: да ги откријат, истражат и испитаат сопствените желби, интереси и афинитети, како да ги воочат сопствените таленти и способности и како да ги проценат и рефлектираат личните очекувања и цели; да ги согледа сопственте капацитети и подготвеност за постигнување на конкрети резултати,

да направат саморефлексија во поглед на интересите, афинитетите и интересите и да се надоврзав на изборот на видот на образование.

Активности кои ќе бидат реализирани во оваа фаза се:

- Реализирање на работилници од програмата за образование за животни вештини
- Водење на сопствено портфолио
- Реализирање на првата тема од наставната програма во осмо и деветo одделение по предметот граѓанско образование со што сознанијата , изработките и записите на учениците ќе се чуваат во нивните портфолија
- Спроведување на проценка на способностите и професионалните интереси на учениците

**Фаза 2 : Професионално информирање** – Главна цел на оваа фаза е стекнување знаења за различни информациски понуди за висови училишта и професии, како и развивање на вештини за активно самостојно користење на расположливите информациски понуди.

Во ова фаза учениците ја развиваат способноста за ориентација со самостојно прибирање и критичко соочување со информациите кои се релевантни за избор на видот на образование.

Активности кои ќе бидат реализирани во оваа фаза се:

- Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување
- Организирање на презентации преку кои стручните училишта ќе се претстават пред учениците
- Реализирање на работилница со учениците од деветто одделение преку која што стручниот соработник ќе ги поттикне учениците да размислуваат и рефлектират во однос на тоа кои информации што ги дознале се релевантни за нивните интереси и цели
- Посета на институции, претпријатија, организации и саеми за вработување со цел добивање на сознанија за идните професии

**Фаза 3 : Донесување одлука** – Главна цел на ова фаза е учениците кои учествуваат во програмата за професионална ориентација да бидат оспособени самостојно да донест одлука за избор на средно образование и идна професија.

Во оваа фаза учениците треба да ги разгледат своите избори на посакувани училишта и остварливоста на овие избори; да ги вклучат родиелите / старателите како фактор на поддршка за донесување на самостојна одлука; да го споредат профилот на својата личност со профилот на барања на идната професија; да донесат одлука.

Активности кои ќе бидат реализирани во оваа фаза се:

- Спровесување на советување од страна на психологот. Советувањата ќе бидат индивидуални за учениците коивимаат потешкотии при изборот на средно образование и групни за останати ученици со вклучување на родителите / старателите

Професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби ја спроведува специјалниот едукатор и рехабилитатор Татјана Павловска – Деспотовска во соработка со психологот Сања Шутиноска (замена: Иван Христов). Тимот за професионална ориентација на учениците со посебни образовни потреби во учебната 2022 / 2023 година го сочинуваат:

1. Татјана Павловска - Деспотовска - специјалниот едукатор и рехабилитатор
2. Сања Шутиноска (замена: Иван Христов) – психолог
3. Маја Ѓорчевска Затуроска – педагог
4. Драган Станојковски - класен раководител на IX одделение

Програмата за професионална ориентација на учениците со посебни образовни потреби ќе се релизира во согласност со способностите и можностите на учениците. Според детектираните специфични карактеристики на учениците, тие ќе се насочат кон избор на адекватно средно образование и избор на професија како своето образование би го продолжиле со надградување на нивниот индивидуален развој и специфичноста на нивните можности, способности и желби.

Спроведувањето на трите фази од програмата за професионална ориентација на учениците ќе биде прилагодено на потребите и можностите на учениците.

**Фаза 1: Самоспознавање** – Во оваа фаза учениците учат како: да ги откријат, истражат и испитаат сопствените желби, интереси и афинитети, како да ги воочат сопствените таленти и способности и како да ги проценат и рефлектираат личните очекувања и цели; да ги согледа сопственте капацитети и подготвеност за постигнување на конкрети резултати, да направат саморефлексија во поглед на интересите, афинитетите и интересите и да се надоврзав на изборот на видот на образование во рамките на своите способности, можности и вештини.

Активности кои ќе бидат реализирани во оваа фаза се:

- Реализирање на работилници од програмата за образование за животни вештини кои ќе бидат прилагодени на учениците со ПОП
- Водење на сопствено портфолио
- Реализирање на првата тема од наставната програма во осмо и деветo одделение по предметот граѓанско образование според ИОП

- Спроведување на проценка на способностите и професионалните интереси на учениците, прилагодена на нивните можности

**Фаза 2 : Професионално информирање** – Во ова фаза учениците со поттик и поддршка ја развиваат способноста за прибирање на информациите кои се релевантни за избор на видот на образование.

Активности кои ќе бидат реализирани во оваа фаза се:

- Информирање на учениците за адекватните занимања според нивните способности
- Организирање на презентации преку кои стручните училишта ќе се претставаат пред учениците вклучувајќи го и ДСУ „Свети Наум Охридски"
- Реализирање на работилница со учениците од деветто одделение преку која што стручниот соработник ќе ги поттикне учениците да размислуваат и рефлектират во однос на тоа кои информации што ги дознале се релевантни за нивните интереси и цели
- Посета на институции, претпријатија, организации и саеми за вработување со цел добивање на сознанија за идните професии

**Фаза 3 : Донесување одлука** – Главна цел на ова фаза е учениците кои учествуваат во програмата за професионална ориентација да бидат оспособени самостојно или со поттик и поддршка да донесат одлука за избор на соодветно средно образование и идна професија

Во оваа фаза учениците треба да ги разгледат своите избори на посакувани училишта и остварливоста на овие избори; да ги вклучат родиелите / старателите како фактор на поддршка за донесување на одлука; да го споредат профилот на својата личост со профилот на барања на идната професија; да донесат одлука.

Активности кои ќе бидат реализирани во оваа фаза се:

- Спроведување на индивидуални советување од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор.

## *15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Превентивните програми, планирани едукативни работилници со родители, ученици и наставници, вклучувањето на експерти за определените области на дејствување што ќе бидат реализирани во текот на оваа учебна година, а се во однос на добросостојба на учениците нивна заштита и спречување на дискриминација, се продолжува со досегашните планови и искуства. Запознавање и вклученост на учениците и родителите под водство и надзор на наставниот кадар и стручната служба во координација на директорот во организациите кои дејствуваат во нашата средина локална и пошироко како и во нашето училиште се со цел запознавање со правата, одговорностите на учениците, нивните родители и пошироката заедница во детекција, превенција, за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоуптреба, занемарување и дискриминација и тоа:

- Поддршка на работата на детска организација (планирање на работата, организирање акции, учество на состаноци).

- Поддршка на работата на ученичкиот парламент (планирање на работата, организирање акции, учество на состаноци).

- Поддршка на наставниицте и учениците во органиизрање на културни настани, екскурзии, хуманитарни акции.

- Соработката со педагошката служба и специјалниот едукатор е континуирана со одделенските раководители и наставници како и со техничкиот персонал особено истакнувајќи ја соработката со наставниците од физичко и здравствено образование со можност за најбрзо детектирање на повреди и слично, врсниците, соучениците и сл.

- Идентификување на ученици со *потешкотии во учењето, емоционални проблеми, надарени ученици, ученици со посебни образовни потреби* и сл. Следење на прилагоденоста на  новодојдените ученици. Следење на процесот на преминот од одделенска настава во VI одд. Професионално информирање и советување на учениците. Следење на организацијата и реализацијата на содржините од воннаставните ученички активности.

- Советодавна работа со *учениците кои покажуваат неадаптирано поведение* ќе се реализира во континуитет. Почести и поредовни контакти со родителите со оние ученици кои *манифестираа дисциплински проблеми* како и проблеми *со успехот и редовноста*. Во добар дел од овие случаи се очекува подобрување на однесувањето, успехот и редовноста на учениците. За таа цел се предвидува стручни предавања и материјали пред стручните активи, учениците, со изработени анализи, информации, прегледи, извештаи, анкети за изборни предмети и др.

*Намалување на насилството* се планира имплементација на активности во склоп на наставните содржини во текот на учебната година во соработка со наставниците и други стручни соработници. Преку одржување работилници и различни активности време на реализација одделенските часови и надвор од наставните часови.

# 16. Оценување

## *16.1. Видови оценување и календар на оценувањето*

Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и бројчано според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и бројчано и учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

Одделенските и предметните наставници континуирано ќе го следат напредокот и постигањата на учениците и редовно ќе ги известуваат родителите. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ќе ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот ќе се информира преку евидентен лист. За крајниот успех на ученикот ќе се изготват свидетелства.

## *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

На ниво на училиште функционира тим составен од сите наставно-воспитни структури во училиштето, кој го следи и анализира процесот на оценување. Целта на ова следење е зголемување на објективноста и етичноста во оценувањето, континуираност во оценувањето, унапредување на оценувањето Секој наставник во своето планирање за оценување има подготвено критериуми и стандарди според кои ги оценува постигањата на учениците.

Со критериумите и стандардите за оценување наставниците ги запознаваат сите ученици, како и родителите /старателите на учениците.

| **Членови на тимот** | **Работна позиција** |
|---|---|
| Соња Кирковска | Директор |
| Маја Ѓорчевска Затуроска | Педагог |
| Сања Шутиноска (замена: Иван Христов) | Психолог |
| Татјана Павловска – Деспотовска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| Нела С. Никовска | Одд. наставник на Стручен актив на одд настава |
| Бојана Бачоска | Одговорен наставник на струч. актив по природни науки |
| Кети Христовска | Одговорен наставник на струч. актив по јазична група предмети |
| Ненад Наневски | Одговорен наставник на стручниот актив по општествена група предмети |
| Гордана Ч. Делева | Одговорен наставник на струч. актив по математика |
| Марина Станковиќ | Одговорен наставник на струч. актив по уметност и вештини |

Училиштето врши следење, анализа и подршка на квалитетното оценување. За таа цел се следи, споредува и анализира успехот на учениците по класификациони периоди, по учебни години, по наставни предмети, по пол и етничка

припадност. Се следи начинот на оценувањето од страна на наставниците, особено на наставниците почетници и им се дава подршка од педагогот, директорот и наставниците – ментори.

Согласно законската рамка се утврдува *процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени, Планот за следење и анализа на состојбите со оценувањето* со временски период е според начинот на оценување на учениците квартално во текот на учебната година прво, второ и трето тромесечие и крајот на учебната година и за конкретен наставен предмет од одговорниот наставник кој предава на паралелката. Во услови на жалба и поплака од оцената се предвидува разгледување на истата од Наставничкиот совет за прифаќање или одбивање и/или формирање на комисија за проверка на оцена, односно знаењата на ученикот. Оваа комисија е од одделенскиот раководител на паралелката и наставници од соодветниот предмет во училиштето или од најблиското училиште изземајќи го соодветниот наставник.

- *Се презентира планот за поддршка на наставниците кои покажуваат* ***слаби резултати*** *во работењето* При следењето на работата на секој наставник со утврдување на постигнување на слаби резултати во работењето кои се добиваат од следење и анализа на работата со учениците и напредување на учениците се пристапува кон поддршка на истите наставници во нивната работа за подобрување на резултатите во работата.

- *поддршка за наставниците кои се* ***иноватори*** *и креатори на развојот на квалитетното оценување*. При следењето на стилот на работа и начинот на оценување на секој наставник со утврдување на начинот на примена на иновативни и креативни модели на квалитетно оценување со следење на стандардите на оценувањето, се подржуваат успешните идеи и ќе се презентираат на останатите колеги на одделенските часови - состаноци за споделување на добра пракса.

- *план на* ***споделување на добрата пракса*** *во рамки на училиштето во врска со оценувањето.* На отворени часови на актив на одделенски наставници и предметни групи се споделуваат плановите на добра пракса во врска со оценувањето на учениците следејќи ги наставниците и успехот напредувањето на учениците. Изборот на колеги кои споделуваат добра пракса се определува од анализа и споредба на постигнувањето од учениците во однос на претходните оцени во однос на тримесечје или полугодие.

## *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Тимот за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар е составен од директорот на училиштето и стручните соработници. Стручните посети ќе се одвиваат во текот на целата учебна година во согласност со планот и програмата за работа на директорот и стручните соработници и врз изработени инструменти за следење на квалитетот на работата.

Следењето и вреднувањето ќе се однесува на квалитет на работата и постигањето на компетенциите на наставниците, примена на соодветни дидактичко-методички решенија на часот, примена на различни техники во

учењето на учениците на часот, односот кон учениците, реализација на ИОП ите за учениците со ПОП, приодот и поддршката на учениците со потешкотии во учењето, работата со талентираните и надарените ученици.

## ЕВИДЕНЦИОНА ЛИСТА ЗА ПОСЕТА НА НАСТАВЕН ЧАС

| | |
|---|---|
| Дата | Тип на часот |
| Основно училиште | Наставна единица |
| Одделение | Име и презиме на наставникот |
| Предмет | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Организацијата на часот беше соодветна за постигнување на поставените цели | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2 | Се користеше стратегија за учење преку истражување и експеримент | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3* | Проверени се предзнаењата на учениците за темата/содржината | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4* | Наставникот ги користеше предзнаењата на учениците за темата/содржината | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | Различните активности во текот на часот имаа природен, спонтан и логички редослед | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6* | При давањето на задолженија наставникот внимаваше тие да соодветствуваат на можностите на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7 | Имаше активности каде постоеше меѓусебна соработка на учениците во парови или мали групи | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8* | Секоја од групите/паровите работеше на различна задача (задача соодветна на нивните предзнаења) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9* | Учениците имаа јасна претстава за очекуваните исходи | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10 | Учениците беа вклучени со соодветни активности во воведниот дел (воведното ангажирање) | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11 | Учениците беа вклучени во соодветни активности во истражувањето и дискусијата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12 | Учениците беа вклучени во соодветни активности во фазата на примена | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 13* | Учениците имаат можност слободно да го презентираат своето гледиште и беа поттикнати да ги земат предвид и гледиштата на соучениците | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 14 | Наставникот јасно ги презентираше информациите и упатствата за работа | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 15* | Учениците поставуваа прашања и бараа дополнителни информации | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 16* | Наставникот даваше доволно време за одговори на поставените прашања, ги сослушуваше одговорите и мислењата и даваше повратна информација | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 17* | Наставникот ги поттикнуваше учениците на самооценување | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 18* | Повратната информација која ја даваше наставникот ги насочи учениците кон понатамошни активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 19* | Наставникот ги поттикнуваше на активност и повлечените и по успех послаби ученици | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 20* | До крајот на часот наставникот имаше увид во постигнатоста на целите на часот кај поголемиот број ученици | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Општ коментар: | | | | | |

Директор Соња Кирковска

## ИНСТРУМЕНТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВЕН ЧАС

Предмет:__________________________________________

Наставник:________________________________________

Датум:____________________________________________

| Стандарди | Индикатори | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставникот применува соодветни дидактичко-методички решенија на часот | Јасно ги истакнува целите на часот | | | | |
| | Дава јасни напатствија и објаснување на учениците | | | | |
| | Ги истакнува клучните поими кои учениците треба да ги научат | | | | |
| | Користи наставни методи кои се ефикасни во однос на целта на часот | | | | |
| | Поставува се пословени прашања и задачи | | | | |
| Наставникот применува различни техники во учењето на учениците на часот | Ги учи учениците како да користат различни начини/пристапи за решавање на задачите/проблемите | | | | |
| | Ги учи учениците како новото знаење да го поврзат со претходно наученото | | | | |
| | Ги учи учениците како да го поврзат стекнатото знаење со примери од секојдневниот живот | | | | |
| | Ги учи учениците како во процесот на учење да прават корелација со другите наставни предмети | | | | |
| | Ги учи учениците како да постават своја цел во учењето | | | | |
| Наставникот ја прилагодува работата на часот со воспитно-образовните потреби на учениците | Ги прилагодува целите на способностите на учениците | | | | |
| | Ги прилагодува темпото на работа на различните потреби на учениците | | | | |
| | Го прилагодува наставниот материјал на индивидуалните карактеристики на учениците | | | | |
| | Посветува внимание на учениците во зависност од нивните воспитно-образовни потреби | | | | |
| | Применува специфични задачи /активности за учениците со посебни воспитно-образовни потреби | | | | |
| Учениците стекнуваат знаења на часот | Учениците со интерес ја следат наставата на часот | | | | |
| | Учениците активно учествуваат во работата на часот | | | | |
| | Активностите и работата на учениците покажува дека е постигната целта на часот | | | | |
| | Учениците користат достапни извори на знаење | | | | |
| | Учениците ја користат повратната информација за да решат проблемска задача | | | | |
| | Учениците самостојно ја оценуваат точноста на одговорот на соучениците | | | | |
| | Учениците умеат да образложат како дошле до решение | | | | |
| | Ефикасно ги структурира и поврзува деловите на часот | | | | |
| | Ефикасно го користи времето на часот | | | | |
| | На конструктивен начин воспоставува и одржува дисциплина на часот во | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставникот ефикасно управува со процесот на учење на часот | согласност со договорените правила | | | | |
| | Функционално ги користи постоечките наставни средства | | | | |
| | Ја насочува интеракцијата меѓу учениците во функција на учењето (користи прашања, идеи и коментари на учениците) | | | | |
| | Прави рефлексија на часот | | | | |
| Наставникот користи критериуми и стандарди во процесот на знаењата во функција на понатамошното учење | Наставникот врши оценување соодветно на критериумите и стандардите за оценување од наставната програма | | | | |
| | Ги прилагодува барањата на индивидуалните способности на учениците | | | | |
| | Го пофалува напредокот во учењето кај учениците | | | | |
| | Дава разбирлива повратна информација на учениците за нивната работа | | | | |
| | Наставникот ги учи учениците како да го ценат своето напредување | | | | |
| Наставникот создава мотивирачка атмосфера за работа на часот | Покажува почит кон ликот на ученикот | | | | |
| | Покажува емпатија кон учениците | | | | |
| | Соодветно постапува на меѓусебното непочитување на учениците | | | | |
| | Користи различни постапки за мотивирање на учениците | | | | |
| | Дава можност на учениците да поставуваат прашања, да дискутираат во врска со предметот на учење | | | | |

Педагог

Маја Ѓорчевска Затуроска

## ПРОТОКОЛ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОДНОСОТ КОН УЧЕНИЦИТЕ

Наставник: ____________________________________________________________

Наставен предмет: _______________________________________________________

Наставна содржина: ______________________________________________________

Дата: __________________ Одделение: _______________

| | | **Одлично** | **Добро** | **Незадоволува** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Им помага на учениците во решавањето на проблемите ( потешкотиите) во учењето | | | |
| 2 | Од учениците очекува и бара да предлагаат нови идеи за подобрување на наставата и учењето | | | |
| 3 | Користи постапки кои на учениците им овозможуваат да ги исполнат своите обврски според своите замисли | | | |
| 4 | Кон секој ученик се однесува како рамноправен помлад субјект во наставата | | | |
| 5 | Со внимание ги слуша прашањата на учениците и се труди да им одговори на истите | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Води грижа за чувствата  (емоциите) на учениците | | | |
| 7 | Внимава да не ги доведе учениците во непријатна ситуација пред своите соученици | | | |
| 8 | Се труди да ги запознае индивидуалните можности на секој ученик | | | |
| 9 | Ги храбри учениците кога им е тешко | | | |
| 10 | Се договара со учениците и го почитува договореното | | | |
| 11 | Има разбирање за потребите и интересите на учениците | | | |
| 12 | Има индивидуален пристап кон ученици со ПОП | | | |
| 13 | Работи според ИОП со ученици со ПОП или потешкотии  во учењето | | | |
| 14 | Работи со посебно изготвени работни листови со ученици со ПОП | | | |
| 15 | Учениците со ПОП  активно учествуваат во групната  работа | | | |

Психолог

Сања Шутиноска (замена: Иван Христов)

**ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОСЕТА НА ЧАС ВО ПАРАЛЕЛКА НА УЧЕНИК СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ**

Датум___________________ Одделение .______________________________________________

Наставник___________________________________ Диференцијална цел на часот _______________________________

Предмет_____________________________________ Тип на часот ______________________________________________

Тема________________________________________ Содржина ________________________________________________

| Елементи од наставниот час | целосно | делумно | Недоволно |
|---|---|---|---|
| 1. Училницата претставува пријатна инклузивна атмосфера за работа каде постои  соработка, взаемно почитување и доверба   меѓу сите ученици  и наставникот | | | |
| 2. Текот на часот се одвива според дневното планирање( краткорочен ИОП) | | | |
| 3. Наставникот има јасна претстава какви промени кај ученикот со ПОП очекува од тој час – | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| јасно дефинирани очекувани исходи | | | |
| 4. Наставникот ги користи претходните знаења на ученикот во воведувањето на новиот материјал/цел | | | |
| 5.Наставникот разбирливо се изразува и дава јасни насоки за работа на ученикот со ПОП | | | |
| 6. Наставникот планира и адекватно ги користи планираните диференцирани форми, методи и техники | | | |
| 7.Наставникот планира и соодветно користи различни нагледни средства | | | |
| 8. Планираните активности за ученикот со ПОП се во функција на постигнување на индивидуализираната цел на часот | | | |
| 9. Наставникот активно ја следи, координира и насочува работата на ученикот со ПОП | | | |
| 10. Наставникот по потреба ја појаснува задачата и помага на ученикот со ПОП | | | |
| 11. Учениците активно учествуваат во групната работа со ученикот со ПОП | | | |
| 12. Наставникот го мотивира ученикот за соработка и вклучување во активности | | | |
| 13. Наставникот употребува различни начини за оценување и евидентирање на напредокот на ученикот со ПОП | | | |
| 14. Наставникот дава повратна информација на ученикот за неговиот напредок и насоки за подобрување на учењето | | | |
| 15. Планираните активности за ученикот се во функција на постигнување на индивидуализираната цел на часот | | | |
| 16.Наставникот ја проверува домашната задача и дава повратна информација | | | |
| 17.Наставникот задава домашна задача со јасни насоки за нејзина изработка | | | |

Специјален едукатор и рехабилитатор

Татјана Павловска – Деспотовска

## *16.4. Самоевалуација на училиштето*

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование спроведува самоевалуација на сопствената работа и постигања. По спроведената самоевалуација училишната комисија изготвува извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Изготвениот извештај го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето, општина Центар и МОН.

Училиштето во учебната 2022/23 ќе работи на надминување на слабите страни воочени во изработената самоевалуација во учебната 2019/21 година.

## 17. Безбедност во училиштето

На почетокот на учебната година на учениците ќе им се презентира „Планот за евакуација на училиштето во случај на незгода“. Учениците ќе бидат запознаени со планот на одделенските часови. На одделенските часови планирани се вежби за евакуација за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави и слични закани и ризици.

Одржани се кратки курсеви и обуки на наставниците за користење на ПП апаратите за против пожарна заштита од пожар, брзо реагирање и евакуација на учениците, од страна на Фирмата и персоналот за одржување на ПП апаратите во училиштето. Оваа година се планирани симулации за евакуација при природни катастрофи.

Во училиштето се планира и курсеви за учениците за прва помош и заштита од страна на наставниците по хемија, биологија - природни науки во рамките на „Секција за прва помош и заштита ППЗ“. Овие знаења и вештини се истакнуваат на повеќе натпревари на локално и државно ниво, досегашното искуство говори за успешни тимови. Тие пак едуцираат свои врсници, соученици како и помлади ученици во училиштето под надзор на тимот од наставниот кадар. Целта е продолжување по стапките од повозрасните меѓусебно другарување и учење вештини, помош и подршка во превентивни програми.

Ќе продолжиме со спроведување на програмите за превенција на насилно однесување во училиштето, превенција на трговија со луѓе, болести на зависност и сексуално преносливи болести, во рамките на одделенските часови, на состаноците на одделенските заедници, а со помош на стручната служба и други стручни лица. Планирани за реализација се едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, со вклучување на надлежни институции и експерти за определените области на дејствување. Во активностите надвор од училиштето (при посети на институции, објекти, знаменитости), ќе бидат вклучени и родителите преку Советот на родители.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

За хигиената во училиштето ќе биде задолжен техничкиот персонал од училиштето, но вклучени ќе бидат и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон  хигиената со учениците и преку надзор на извршувањето на дадените задачи, како што се одржување на училници, ходници и училишниот двор. Таа цел најдобро ќе се постигне со реализација на наставни и воннаставните активности поврзани со оваа тема.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

## 18.2. Систематски прегледи

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од прво, трето и седмо одделение. Учениците од одделенска настава на систематските прегледи ќе бидат придружувани од своите одделенски раководители, додека пак учениците од предметна настава ќе бидат придружувани од наставник кој во тој момент е слободен или од стручната служба, сè со цел наставата да се одвива непречено.

За девојчињата од VI одделение ќе се одржи предавање на тема ,,Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата.

## 18.3. Вакцинирање

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од прво, второ, шесто и осмо одделение: 6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање 7 години (II одделение) Туберкулоза (со тестирање) (1 доза) Детска парализа (1 доза), дифтерија, тетанус (1доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање 14 години (завршна година на основно училиште) Рубеола (само девојчиња) (1 II ревакционирање доза); Детска парализа (1 доза); Дифтерија, тетанус (доза); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

Дел од учениците ќе  поминат на преглед на заби и ќе се направи залевки.

Процесот на вакцинација и имунизација ќе се изведува како и досега во Здравствен Дом Бит Пазар, а за сето тоа училишниот педагог ќе води евиденција.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година континуирано организира ужина и топол оброк за учениците од прво до петто одделение. Оброците се подготвуваат според стандардизирано мени од Агенцијата за здрава храна на РСМ во соработка со училиштето и Советот на родителите во училиштето.

*-Едукација за здрава исхрана*

Едукација за здрава исхрана и оваа учебна година првенствено ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област и на часовите за одделенска заедница. Исто така, овој тип на наставни содржини ќе бидат реализирани на часовите по животни вештини и унапредување на здравјето, но секако тука можат да се вклучат и останатите наставници. Училиштето во текот на учебната година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници.

Училиштето секоја година реализира најразлични активности на тема- здрава храна, правилна исхрана. Планирано е да се реализира и Глобален час - Проект за храна со Глобални цели: „Секој оброк раскажува приказна“ и ќе се откријат од страна на учениците како Глобалните цели се поврзани со нивниот живот.

# 19. Училишна клима

## *19.1. Дисциплина*

Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведува до одлична дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Дисциплината во училиштето е на високо ниво, со тендеција сме тоа да се задржи. Се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. Вратите на училиштето се отвораат во 6 часот наутро и се затвораат во 20 часот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и на огласната табла на училиштето, по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска. Покрај дежурните наставници ќе биде вклучено и обезбедувањето кое ќе биде избрано од страна на Општина Центар кое ќе врши идентификување на посетителите кои влегуваат во училиштето и при тоа ќе се води писмена евиденција на посетите во училиштето.

Распоред на дежурни наставници:

Ходник - приземје

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Дијана И. Коваческа I1 | Даниела Крстевска I2 | Марина Станковиќ | Даниела Крстевска I2 | Драган Станојковски |
| Катарина Лазаревска I1 | Нина Николовска I2 | Катарина Лазаревска I1 | Нина Николовска I2 | Чедомир Паневски |
| Горица Бошкоска | Елизабета Христовска | Дијана И.Коваческа I1 | Ирена Бакревска Василевска | Маја Јакимовска |

Ходник - I тракт

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Горица Веловска V 1 | Сања Пиперевска V 2 | Ана П. Апостолски IV 1 | Мирјана Јанеска IV 2 | Виолета Секуловска V 1/ Горица Веловска V 1 |
| Виолета Секуловска V 1 | Александра Крстова V 2 | Мери Ќурчиева IV 1 | Луиза Наневска IV 2 | Сања Пиперевска V 2 / Александра Крстова V 2 |
| Горица Веловска V 1 | Сања Пиперевска V 2 | Ана П. Апостолски IV 1 | Мирјана Јанеска IV 2 | Мери Ќурчиева IV 1 / Ана П. Апостолски IV |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 |
| Виолета Секуловска V 1 | Александра Крстова V 2 | Мери Ќурчиева IV 1 | Луиза Наневска IV 2 | Мирјана Јанеска IV 2 / Луиза Наневска IV 2 |

Ходник - II тракт

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Виолета Ѓошева II1 | Вера Петровска II2 | Данче Гиговска III1 | Нела С.Никовска III2 | Виолета Ѓошева II1<br>Анче Каровска II1 |
| Анче Каровска II1 | Биљана Стојановска II2 | Гордана Букревска III1 | Симона Пецова III2 | Вера Петровска II2<br>Биљана Стојановска II2 |
| Виолета Ѓошева II1 | Вера Петровска II2 | Данче Гиговска III1 | Нела С.Никовска III2 | Данче Гиговска III1<br>Гордана Букревска III1 |
| Анче Каровска II1 | Биљана Стојановска II2 | Гордана Букревска III1 | Симона Пецова III2 | Нела С.Никовска III2<br>Симона Пецова III2 |

Ходник - III тракт

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Благица Димчева | Ненад Наневски | Ирена П. Тодоровска | Благица Димчева | Марија Варадинска |
| Марија Варадинска | Ирена П. Тодоровска | Ненад Наневски | Ирена П. Тодоровска | Ирена П. Тодоровска |

Ходник - IV тракт

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Вања Петровска | Бојана Бачоска | Весна Миливојевиќ | Маја Бутлеска | Андријана Грујоска |
| Весна Миливојевиќ | Валентина Лена В. | Андријана Грујоска | Бојана Бачоска | Вања Петровска |

Ходник - V тракт

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Жанета Шумкоска | Гордана Ч. Делева | Кети Христовска | Ленче Зајковска | Жанета Шумкоска |
| Кети Христовска | Ленче Зајковска | Жанета Шумкоска | Гордана Ч. Делева | Кети Христовска |

## *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Нашето училиште има приоритет да се грижи за естетскиот и функционалниот изглед на училиштето. Секој наставник пред својата училница има задача и обврска да уредува пано според потребите на наставните теми и содржини. Содржините на истакнатите изработки на учениците и наставниците ќе бидат од различни области меѓу кои ќе има содржини од мултикултурата со што ќе го изразиме мултикултурниот карактер на нашата држава со цел запознавање и зајакнување на меѓуетничките односи; содржини според одделни настани и датуми битни за животот на учениците, со цел запознавање со светски, државни и локални прослави, празници и настани. Останатите ѕидови и холот ќе го уредуваат ученици од ликовната и литературната секција под раководство на нивните наставници.

Тим за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето:

| **Име и презиме** | **Работна позиција** |
|---|---|
| Катарина Лазаревска | Наставник |
| Вера Петровска | Наставник |
| Мирјана Јанеска | Наставник |
| Наталија Чекова | Ученик |

Планот за естетско и функционално уредување на просторот е во прилог.

## *19.3. Етички кодекси*

Етички кодекси: Непосредно пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба раководени под некои сугестии и потреби од страна на учениците и родителите ќе го обновиме и потврдиме постоечкиот кодекс на однесување. Согласно Кодексот на облекување во Фискултурна сала на часовите по Физичко и здравствено образование задолжително е носење на опрема за ФЗО (бела маичка, темен шорц и патики за во сала). Кодексот во себе ќе ги опфати правилата на однесување на персоналот, учениците и родителите. Тој ќе биде истакнат на видни места  (во наставничка канцеларија и училниците) и со него ќе бидат запознаени сите инволвирани. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки. Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме да се однесуваме.

Правилникот за однесување на ученици, наставници и родители е даден во прилог.

### *19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, стручна служба, училишен одбор, совет на родители, ученичките организации, стручни активи). Таа комуникација се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети.

За подобрување и зајакнување на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка од страна на стручната служба ќе се организираат работилници од кои ќе се утврди степенот на задоволство од меѓучовечките односи на вработените. Потоа ќе следува изработка на програма во која ќе бидат вклучени екскурзии на вработените, прослави и други начини на дружење.

За продлабочување на довербата и соработката меѓу структурите во училиштето се предвидуваат повеќе конкретни активности со цел да се подобри квалитетот на комуникацијата и да зајакне меѓусебната доверба и соработка:

- Соработка помеѓу кадарот од одделенска настава и предметна настава во различни соработки меѓу одделенија со поддршка на поголемите кон помалите соученици во повеќе акции во дворот, холот и ходниците секако и во библиотеката, специјализираните училници - кабинет по информатика, биологија, историја итн. Анализа на истите од стана на наставниот кадар  вадејќи заклучоци на слаби и јаки страни, а никако не потсетувајќи се на тоа како било некогаш, како треба да биде или како е кај соседите, кој говор ги насочува кон депресија секогаш држејќи се до тоа што правиме, а што може да направиме сега во дадениов момент.

- Соработка на наставниот персонал со стручните служби преку состаноци, работилници, дебати за вистинските потреби и подршки во однос на работата и животот на училиштето, надминување на проблемите и поткревајќи се на успесите и добрите придобивки.

- Соработка на наставниот персонал, стручните служби и техничкиот персонал особено околу рано откривање на деликвентно и недолично однесување на учениците, персоналот и сл. Истакнување на важноста на техничкиот персонал да соработува брзо и навремено кај наставниот и стручниот персонал во дадените ситуации.

- Соработката преку состаноци, работилници, дебати со Советот на родители и родителите општо со училишниот персонал наставнички стручен и сл. во едукација на родителите за посветување а не занемарување на своите деца, подршка во учењето но и во надминување на потребите на тинејџери и деца, особен акцент да се фрли на подршката на социјализацијата интересите на децата во слободното време другарувањето и начинот на тие активности влијанието на надворешниот свет и справување со ново настанатите ситуации во околината.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## *20.1 Детектирање на потребите и приоритетите*

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар ќе се одвива на интерно и екстерно ниво врз основа на изработена годишна програма за обуки за стручно усовршување на наставниците која се донесува од страна на Министерот за образование до крајот на месец јануари за тековната година. Предлог годишната програма за обуки за стручно усовршување ја изработува и предлага Бирото во соработка со Државниот просветен инспекторат. Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитираните програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Наставниците се обврзани да посетат 60 часа на обуки во текот на три учебни години за континуирано стручно усовршување.

## *20.2 Активности за професионален развој*

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците и стручните соработници, нашето училиште ќе ги следи пропишаните подрачја, потподрачја и темите за обуките за стручно усовршување наведени во ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ за учебната 2022/2023 год. и тоа:

**-За наставниците**

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем
   1.1 Знаења за воспитно-образовниот систем
2. Поучување и учење
   2.1 Планирање и подготовка на наставата
   2.2 Реализација на наставата
   2.3 Оценување на учениците
   2.4 Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби
3. Создавање стимулативна средина за учење
   3.1 Создавање безбедна и стимулативна средина за учење
   3.2 Училишна клима
4. Социјална и образовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионална соработка

**-За стручни соработници**

1. Работа со учениците
   1.1. Професионална и кариерна ориентација на учениците
2. Работа со наставниците
   2.1 Поддршка на наставниците во работата со учениците
3. Работа со родителите
   3.1 Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето
4. Соработка со заедницата
   4.1 Соработка со стручни институции и организации
5. Професионален развој и професионална соработка
   5.1 Личен професионален развој
6. Аналитичко-истражувачка работа
   6.1 Истражување на воспитно-образовната работа
7. Училишна структура, организација и клима
   7.1 Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

## *20.3 Личен професионален развој*

За сопственото стручно усовршување се прави личен план за професионален развој врз однос на самоевалуацијата , резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посетите на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и ДПИ.

Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој, го соочинуваат координаторите на стручните активи на наставниците, директор и стручни соработници.

Планирањето на професионалниот развој секој наставник и стручните соработници го доставува најдоцна до 10 септември за тековната година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.

Реализацијата на професионален развој, наставникот и стручните соработници го пополнува секоја учебна година и го доставува до тимот за професионален развој најдоцна до 30 јуни , во хартиена или електронска форма.

За професионалниот развој секој наставник води професионално досие.

## *20.4. Хоризонтално учење*

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку активите, со организирање на отворени часови, стручни собири, работилници и сл. кои се планирани во програмите на стручните активи. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности кои ќе бидат во прилог на

годишната програма.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно –образовниот кадар кој се одвива во три дела односно фази, првиот дел е посветен на приправничкиот период, вториот дел се однесува на периодот каде наставникот/стручниот соработик работи самостојно и третиот дел каде што напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник.

Како поддршка во кариерниот развој училиштето има за цел да го олесни снаоѓањето во училишниот живот и да понуди практични совети и иновативни идеи. Образовниот кадар се запозна со стандардите за наставник/ стручен соработник –ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја и тоа :

Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем
Поучување и учење
Создавање стимулативна средина за учење
Социјална и оразовна инклузија
Комуникација и соработка со семејството и заедницата
Професионален развој и професионална соработка

Воспитно- образовниот кадар е запознаен и со критериумите за напредување во знањата метор и советник како и процедурата за стенување на звање.

Критериуми за наставник /стручен соработник ментор :
Наставникот/стручниот соработник ментор има 7 години работно искуство како наставник .
Ги исполнува професионалните стандарди за ментор .
Критериуми за наставник /стручен соработник советник :
Наставникот/стручниот соработник ментор има 9 години работно искуство како наставник/стручен соработник.
Ги исполнува професионалните стандарди за советник.

# 21. Вклученост на семејствата во училиштето

## *21.1 Во животот и работата на училиштето*

Распоред на приемен ден на наставниците:

| Р. бр. | Наставник | Ден | Час |
|---|---|---|---|
| 1 | Виолета Секуловска | среда | 15:00 - 15:40 часот |
| 2 | Ана Покупец-Апостолски | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| 3 | Мери Ќурчиева | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| 4 | Мирјана Јанеска | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| 5 | Виолета Ѓошева | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| 6 | Вера Петровска | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| 7 | Горица Веловска | среда | 15:00 - 15:40 |
| 8 | Данче Гиговска | петок | 15:00 - 15:30 |
| 9 | Гордана Букревска | петок | 15:00 - 15:30 |
| 10 | Нела Никовска-Слезенкова | петок | 15:00 15:30 ч |
| 11 | Даниела Крстевска | понеделник | 15:00-15:40 часот |
| 12 | Нина Николоска | понеделник | 15:00-15:40 часот |
| 13 | Симона Пецова | петок | 15:00 до 15:30 ч |
| 14 | Анка Чоневска | понеделник | 15:00 до 15:30 ч |
| 15 | Луиза Наневска | понеделник | 15:00 до 15:30 ч |
| 16 | Александра Крстова | среда | 15:00-15:40 часот |
| 17 | Дијана Илиевска Коваческа | среда | 15:00-15:40 часот |
| 18 | Биљана Стојановска | понеделник | 15:00 до 15:30 ч |
| 19 | Катарина Лазаревска | среда | 15:00-15:40 |
| 20 | Сања Пиперевска | среда | 15:00-15:40 часот |
| 21 | Маја Бутлеска | понеделник | 8:45 - 9:25 |
| 22 | Ирена Бакреска Василевска | понеделник | 8:45 - 9:25 |
| 23 | Елизабета Христовска | среда | 11:20 - 12:00 |
| 24 | Ирена Костовска | понеделник | 8:45 - 9:25 |
| 25 | Чедомир Пановски | понеделник | 9:50 - 10:30 |
| 26 | Драган Станојковски | вторник | 11:20 - 12:00 |
| 27 | Валентина Лена Вељан | петок | 9:50 - 10:30 |
| 28 | Ирена Тодороска-Пановска | вторник | 8:45 - 9:25 |
| 29 | Марија Варадинска | понеделник | 8:45 - 09:25 |
| 30 | Марина Станковиќ | среда | 8:00 - 8:40 |
| 31 | Весна Миливоевиќ | среда | 9:50 - 10:30 |
| 32 | Андријана Грујоска | среда | 9:50 - 10:30 |
| 33 | Кети Христовска | понеделник | 8:00 - 8:40 |
| 34 | Жанета Шумкоска | среда | 8:45 - 09:25 |
| 35 | Ленче Зајковска | вторник | 9:50 - 10:30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **36** | Гордана Чеперковиќ Делева | вторник | 11:20 - 12:00 |
| **37** | Вања Петровска | понеделник | 9:50-10:30 |
| **38** | Бојана Бачоска | четврток | 9:50 - 10:30 |
| **39** | Ненад Наневски | петок | 11:20 - 12:00 |
| **40** | Милка Симска | понеделник | 11:20 - 12:00 |
| **41** | Благица Димчева | понеделник | 10:35 - 11:15 |
| **42** | Маја Јакимовска | петок | 8:45 - 9:25 |
| **43** | Горица Бошкоска | понеделник | 10:35 - 11:15 |

Соработката со родителите се остварува преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот како и Советот на родители. Советот на родители е формиран од по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности: дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, расправа за извештајот за работа на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Работата на Советот на родители вклучува и активности поврзани со развој и имплементација на проекти што ќе придонесат за подобрување на училишната инфраструктура и воопшто, подобрување на материјално-техничките услови за реализација наставни и воннаставни активности.

Советот на родители изготвува програма, со чија реализација се овозможува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Овој совет ќе заседава најмалку два пати во полугодие по претходно утврден дневен ред. Претседател на Советот на родители е Верче Лазарова.

Во текот на учебната година се планирани приемни и отворени денови на кои што родителите имаат можност подетално да се информираат за постигнувањата кај секој наставник поединечно.

## *21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонанаставните активности.*

- Карактеристики на децата и давање помош за насочување на нивниот развој;
- давање совети за решавање на развојни и други проблеми кај учениците кои се последица на дисфункционални семејни односи;
- советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотии во развојот;
- пружање помош во благовремено откривање на надарени деца и укажување на можности за поттикнување и насочување на нивниот развој;
- педагошко – психолошка едукација на родителите.

- Училиштето има постојано добра соработка со родителите, но таа треба да биде посуштинска односно поголема и конкретна вклученост на родителите во активности кои ќе го подобрат воспитно – образовниот процес во училиштето.

### *21.3 Едукација на родителите и старателите*

